FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Македонско здружение на млади правници

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Март, 2011 година

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Службен весник на РМ, бр. 161/2009 година

Март, 2011 година

**Издава:**
Фондација Институт отворено општество – Македонија

**За издавачот:**
Владимир Милчин, Извршен директор

**Подготвил:**
Македонско здружение на младите правници
www.myla.org.mk
contact@myla.org.mk, и

Фондација Институт отворено општество – Македонија
www.soros.org.mk
pravo@soros.org.mk

**Уредници:**
Неда Коруновска Аврамовска
Данче Даниловска-Бајдевска
Жарко Хаџи-Зафиров

**Лектура:**
Абакус

**Ликовно-графичко обликување:**
Кома

**Тираж:**
300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.921.8:34.132(497.7)(047.31)

ИЗВЕШТАЈ за примената на законот за бесплатна правна помош : службен весник на РМ, бр. 161/2009 година / [уредници Неда Коруновска Аврамовска, Данче Данаиловска-Бајдевска, Жарко Хаџи-Зафиров]. - Скопје : Фондација Институт отворено општество - Македонија, 2011. - 142 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Анекс

ISBN 978-608-218-108-0

а) Правна помош, бесплатна - Примена на закон - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 88845578

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** ........................................................................ **7**

**1. ВОВЕД** ........................................................................ **9**

**2. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ** ........................................................ **11**

**3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........................................ **15**

**4. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО ВРСКА СО ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ** ........................... **17**

4.1. Правото на бесплатна правна помош – еднаков пристап до правдата за сите?! ........................................ 18

4.2. Потенцијални корисници на бесплатна правна помош – граѓани во крајна беда ........................ 20

4.3. Начелата на постапката – услов за успешно остварување на правото ........................................ 22

4.4. Даватели на бесплатна правна помош ........................ 28

4.5. Централизираност во одлучувањето и надзор при спроведувањето на бесплатната правна помош ........................ 34

4.6. Средства за обезбедување бесплатна правна помош ........ 36

4.7. Јавна свест и информираност на граѓаните за правото на бесплатна правна помош ........................ 47

**5. ЗАКЛУЧОЦИ** ........................................................................ **40**

**6. АНЕКСИ .......................................................................................43**

**Анекс I** ....................................................................................... **45**

Преглед на законодавството од областа
на бесплатната правна помош

Меѓународни правни акти

Домашно законодавство

**Анекс II** ....................................................................................... **70**

Институциите на системот и нивната функција
во областа на бесплатната правна помош

**Анекс III** ....................................................................................... **76**

Закон за бесплатна правна помош,
„Службен весник на РМ“, бр. 161 од 30.12.2009 година

**Анекс IV** ....................................................................................... **94**

Правилник за формата и содржината на образецот
на барањето за запишување во регистарот на адвокати
за правна помош, „Службен весник на РМ“, бр. 65
од 12.5.2010 година

**Анекс V** ....................................................................................... **96**

Правилник за содржината на барањето за добивање
овластување за давање претходна правна помош,
„Службен весник на РМ“, бр. 65 од 12.5.2010 година

**Анекс VI** ....................................................................................... **98**

Правилник за содржината на образецот на барањето
за бесплатна правна помош, „Службен весник на РМ“,
бр. 65 од 12.5.2010 година

**Анекс VII** ....................................................................................... **102**

Правилник за содржината на образецот на трошковникот
за обемот на извршената работа од адвокат,
„Службен весник на РМ“, бр. 65 од 12.5.2010 година

Анекс VIII ........ 104
Правилник за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија, „Службен весник на РМ“, бр. 65 од 12.5.2010 година

Анекс IX ........ 106
Тарифа за надоместок на трошоците за работа на здруженијата за вршење на работи на претходна правна помош, „Службен весник на РМ“, бр. 65 од 12.5.2010 година

Анекс X ........ 108
Прашалник за следење на квалитетот на бесплатната правна помош која се дава во Република Македонија, наменет за корисниците на бесплатна правна помош

Анекс XI ........ 118
Прашалник за следење на квалитетот на бесплатната правна помош која се дава во Република Македонија, наменет за судиите

Анекс XII ........ 122
Прашалник за следење на квалитетот на бесплатната правна помош која се дава во Република Македонија, наменет за адвокатите кои даваат бесплатна правна помош, во согласност со Законот за бесплатна правна помош

Анекс XIII ........ 127
Амандмани на Предлог-законот за бесплатна правна помош, поднесени од здруженија, 23.11.2009

**КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ** ........ 141

# Користени кратенки

| | |
|---|---|
| **РМ** | Република Македонија |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ООН** | Организација на обединетите нации |
| **СЕ** | Совет на Европа |
| **ФИООМ** | Фондација Институт отворено општество – Македонија |
| **ШХК** | Шведски хелсиншки комитет |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **ЕКЧП** | Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи |
| **БПП** | Бесплатна правна помош |
| **ИЈК** | Информации од јавен карактер |
| **СПИЈК** | Слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| **ЗБПП** | Закон за бесплатна правна помош |
| **ЗКП** | Закон за кривична постапка |
| **ЗПП** | Закон за парнична постапка |
| **ЗОУП** | Законот за општа и управна постапка |
| **ЗУС** | Закон за управен спор |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи |
| **АКРМ** | Адвокатска комора на Република Македонија |
| **ССМ** | Сојуз на синдикати на Македонија |
| **ПИОМ** | Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ЦСР** | Центар за социјални работи |
| **НВО** | Невладини организации |
| **МЗМП** | Македонското здружение на младите правници |

# Предговор

Извештајот што е пред вас, а кој содржи анализа од примената на Законот за бесплатна правна помош, е резултат на работата на Правната програма на Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ) и на Македонското здружение на младите правници (МЗМП). Правната програма на ФИООМ е посветена на унапредување на владеењето на правото и поддржување на реформите на правниот систем во Република Македонија. Мисијата на МЗМП е обединување на младите правници и нивна континуирана едукација и насочување, со цел да се подигне квалитетот и професионалноста во правната заедница и да се зајакне принципот на владеење на правото во РМ.

Се надеваме дека овој извештај доаѓа навреме и ги адресира проблемите и предизвиците со кои се соочивме при имплементацијата на правото на бесплатна правна помош, во првите шест месеци од примената на Законот за бесплатна правна помош. Во извештајот се идентификувани првичните слабости и пречки во системот на бесплатната правна помош и се дадени препораки за нивно надминување и отстранување, со цел да се изгради поефикасен систем во кој граѓаните би можеле целосно да го остварат правото на еднаков пристап до правдата.

Извештајот е резултат на проектот „Следење на примената на Законот за бесплатна правна помош“, кој има за цел да придонесе кон поефикасна примена на Законот за бесплатна правна помош, како и во обезбедувањето на правото на еднаков и ефикасен пристап до правдата на граѓаните, како и на лицата кои престојуваат во Република Македонија. Во исто време, проектот има за цел да се зајакнат капацитетите на здруженијата како даватели на бесплатна правна помош.

Фондација Институт отворено општество - Македонија

# 1 Вовед

Правото на бесплатна правна помош не е основно човеково право, туку право преку кое се обезбедува неопходната заштита на основните човекови права и слободи, загарантирани во меѓународното право и во националното право на државата. И покрај тоа што наследи неунифициран и фрагментиран систем на бесплатна правна помош, Република Македонија дури 17 години по осамостојувањето презеде иницијатива за воспоставување унифициран и единствен систем на бесплатна правна помош.

Тргнувајќи од фактот дека бесплатната правна помош претставува гаранција за заштита на основните човекови права и слободи, Македонското здружение на младите правници (МЗМП), во согласност со своите стратешки определби, беше активно вклучено во подготовката и во првичната примена на Законот за бесплатна правна помош, што беше донесен на 29.12.2009 година. Активностите на МЗМП се пред сѐ насочени кон подобрување на системот на бесплатна правна помош, при што МЗМП во целост ја следи примената на Законот, со цел да бидат идентификувани неговите слабости и истите да се надминат.

Оттука, МЗМП и Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ) ја изготвија оваа анализа, со цел да се увидат пречките и тешкотиите со коишто се соочуваат потенцијалните баратели на бесплатна правна помош, како и институциите кои се надлежни за спроведување на Законот за бесплатна правна помош, и да се дадат препораки за нивно надминување и за подобрување на системот на бесплатна правна помош во РМ.

Имајќи го предвид краткиот период на примена на Законот што е предмет на анализа во овој извештај, би сакале да укажеме на тоа дека од исклучителна важност е токму првичната фаза од примената на Законот за бесплатна правна помош, кога всушност и се трасира практиката за неговата успешна примена во иднина. Оттука, малку е веројатно дека истражувањето ќе даде можност за заокружување на оценката за успешноста во целост, но сепак тоа остава простор за рано укажување на можните последици од недостатоците во одредбите на овој закон, како и на импликациите од недоразвиениот систем на давање бесплатна правна помош во Република Македонија.

# 2 Основни информации

Во *Стратегијата за реформа на правосудниот систем* усвоена во 2004 година, како дел од приближувањето на македонското законодавство кон законодавството на Европската унија, а во согласност со аспирациите на Република Македонија да стане дел од големото европско семејство, Владата на Република Македонија предвиде воспоставување систем за бесплатна правна помош, со цел да се надминат фрагментираните форми и капацитети за бесплатна правна помош коишто постоеја дотогаш. За уредување на оваа материја, како посебно право на граѓаните кои поради својата финансиска немоќ не успеваа да дојдат до остварување на своите права пред надлежните органи и институции, Стратегијата предвиде да се донесе посебен Закон за бесплатна правна помош. Со овој закон требаше да се постават основите за обезбедување слободен и ефикасен пристап до правдата и за втемелување на принципот на владеење на правото како основа за стабилен правосуден систем.

Подготовките за донесување на Законот за бесплатна правна помош започнаа во почетокот на 2007 година, со формирањето на групата за подготовка на Нацрт-законот за бесплатна правна помош. Првата верзија на Нацрт-законот беше изготвена во јули 2007 година. Со цел да се запознае пошироката и професионалната јавност, а воедно водејќи се од своите стратешки определби, МЗМП донесе одлука за активно вклучување во следењето на подготовката и донесувањето на Законот за бесплатна правна помош, и покрај нетранспарентноста којашто резултираше со бојкот на граѓанското општество од страна на државните институции. Следствено на тоа, МЗМП започна со идентификација на здруженијата кои даваат бесплатна правна помош за да се вклучат и да дадат свој придонес во процесот на донесување квалитетен закон и притоа идентификуваше 21 здружение кои беа директно вклучени во обезбедувањето различни форми бесплатна правна помош – од

давањето правни совети, до застапувањето на лицата во судските постапки. Во почетокот на октомври 2007 година, МЗМП организираше координативен состанок на кој присуствуваа претставници на сите здруженија и претставници на домашните и меѓународните донатори. На оваа средба се формираше Координацијата на здруженијата кои даваат бесплатна правна помош, која имаше за цел да го следи процесот и да дава свои забелешки и сугестии за подобрување на текстот на нацртот на Предлог-законот за бесплатна правна помош. По формирањето на Координацијата, МЗМП пристапи кон подготовка на една сеопфатна анализа насловена како „Извештај за формите и капацитетите на бесплатната правна помош во Република Македонија“, на чија подготовка работеа експерти од Македонија и од Словенија. Извештајот беше објавен во март 2008 година и истиот беше доставен до сите надлежни институции, а пред сѐ до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда, со цел да се укаже на постојните капацитети, како и на важноста на вклучувањто на здруженијата во системот на бесплатната правна помош.

Сепак, во периодот од октомври 2007 година до јули 2009 година Координацијата беше целосно исклучена од процесот на финализирање на Предлог-законот за бесплатна правна помош, со што продолжи практиката на нетранспарентност на законодавниот процес.

За прв пат, Предлог-законот беше официјално доставен до Координацијата од страна на Националниот совет за евроинтеграции при Собранието на Република Македонија. Координацијата ги достави своите коментари на Предлог-законот кога истиот беше доставен на разгледување и усвојување во Собранието, во насока на суштинско подобрување на квалитетот на Законот, со цел да се овозможи еднаков и ефикасен пристап до правдата на сите граѓани во Република Македонија. На крајот на процесот на подготовка и усвојување на Законот, очигледни беа последиците од нетранспарентноста на надлежните органи, бидејќи во Предлог-законот беа идентификувани голем број недоречености и аномалии, кои во најголем дел и не беа отстранети.

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за бесплатна правна помош на 29 декември 2009 година. Усвојувањето на овој акт донесе и резерви во однос на неговата целосна применливост, имајќи ги предвид аномалиите и недореченостите на кои укажаа не само здруженијата на граѓаните, туку и академската заедница и другите релевантни домашни и странски организации и институции, кои предвидуваа сериозни импликации во процесот на примена на Законот, а со тоа и во остварувањето на правото на еднаков и ефикасен пристап на граѓаните до правдата. Примената на Законот започна во јули 2010 година, кога МЗМП и ФИООМ, со поддршка и од Бранителите на граѓанските права, ја следеа во целост и во координација со здруженијата кои даваат бесплатна правна помош и надлежните институции.

Со оваа анализа, МЗМП и ФИООМ имаат намера да ја претставаат реалната ситуација во врска со примената на Законот за бесплатна правна помош, со цел да се укаже на слабостите и пречките со кои се соочуваат релевантните фактори во системот на бесплатната правна помош, а заради нивно што поскоро надминување.

# 3 Методологија за изработка на извештајот

Во процесот на подготовка на овој извештај беа користени повеќе методи на директно и индиректно прибирање на релевантните податоци.

Со цел што поуспешно да се проследи досегашната примена на Законот за бесплатна правна помош, МЗМП и ФИООМ подготвија прашалници за следење и евалуација на квалитетот на системот на бесплатната правна помош во РМ. Овие прашалници беа подготвени за три различни категории испитаници: адвокати, судии и корисници на бесплатна правна помош (види Анекс X, XI и XII)[1].

Прашалниците беа доставени до сите адвокати од Регистарот на адвокати за давање правна помош и истите се во процес на прибирање. Во моментот кога ги испративме прашалниците од страна на Министерството за правда беа одобрени само 7 решенија, за кои беше определен адвокат.

По обработката на податоците добиени од овие истражувања, ќе следуваат дополнителни анализи и укажувања во врска со прашањата засегнати со имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош.

Во процесот на следење на имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош оствариве и директни средби и состаноци со надлежните министерства, органи и организации кои – непосредно или индиректно –

1 Прашалниците наменети за судиите сè уште не се дистрибуирани. Прашалниците ќе бидат доставени до судиите дури откако ќе заврши судската постапка, односно по последното рочиште. Секоја судска постапка има свои специфики и може да трае подолг временски период. Прашалниците кои се наменети за корисниците на бесплатната правна помош ќе се доставаат откако ќе бидат познати информациите за поединечните корисници.

учествуваат во разни сегменти од обезбедувањето на правото на бесплатна правна помош.

Беа спроведени постапки за прибирање релевантни податоци поврзани со одредбите на Законот за бесплатна правна помош од разни иматели на информации од јавен карактер. Така, во периодот од јуни до декември 2010 година беа испратени вкупно 74 барања за пристап до информациите од јавен карактер до разни релевантни институции, меѓу кои и: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за статистика, Управата за јавни приходи, јавните установи, меѓуопштинските центри за социјална работа и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ. Во рамките на овој процес, до Комисијата за заштита на слободниот пристап до информациите од јавен карактер беа поднесени 21 жалба и истите беа уважени. Добиените резултати беа од исклучителна важност за ова истражување, затоа што даваат податоци за предизвиците со кои се соочуваат органите при стекнувањето со одредена информација, која пак е предуспов за утврдување на правото за стекнување со бесплатна правна помош.

Во истражувањето беа користени и официјални извештаи и извештаи од релевантните организации, како и документи што се неопходни за објективно и стручно анализирање на состојбите во врска со примената на Законот. Исто така, беа користени и податоците од претходните иницијативи на здруженијата и експертите поднесени до надлежните институции, во врска со специфичните одредби од Предлог-законот за бесплатна правна помош, како рани укажувања на потенцијалните недоследности и недоречености на законските решенија (види Анекс XIII).

# 4 Анализа на состојбата во врска со примената на Законот за бесплатна правна помош

Иако Законот за бесплатна правна помош почна да се спроведува од јули 2010 година, што реално дава можност анализата на ефектите од неговата примена да се однесува само на период од шест месеци, неговата досегашна примена дава доволно индикации за анализа на позначајните прашања кои се предмет на овој извештај. Исто така, раното укажување на некои воочени слабости на одредбите од Законот или слабости од аспект на неговата примена, може да ги спречи посериозните последици и, воедно, да ги зголеми можностите за коригирање на недоследностите во најраната фаза од примената.

Овој извештај се осврнува на најзначајните прашања и области од Законот, кои во текот на оваа иницијална фаза од неговата примена беа проценети како најприоритетни за анализа:

4.1 *Правото на бесплатна правна помош – еднаков пристап до правдата за сите?!*

4.2 *Потенцијални корисници на бесплатната правна помош – граѓани во крајна беда*

4.3 *Начелата на постапката – услов за успешно остварување на правото*

4.4 *Давателите на бесплатна правна помош*

4.5 *Централизираност во одлучувањето и во надзорот при спроведувањето на бесплатната правна помош*

4.6 *Средства за обезбедување бесплатна правна помош*

4.7 *Јавна свест и информираност на граѓаните за правото на бесплатна правна помош*

# 4.1 ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ – ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА ЗА СИТЕ?!

Право на бесплатна правна помош имаат лицата определени во Законот, кои со оглед на нивната материјална положба не би можеле да ги остварат правата загарантирани со Уставот и со Законот, без притоа да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство. Барањето за бесплатна правната помош, во согласност со одредбите од Законот за бесплатна правна помош, се одобрува во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање што е од интерес за барателот на правната помош.

Ова, на прв поглед, упатува на заклучокот дека Законот важи за „сите" области на живеењето каде што постои „интерес" за барателот, кој поради својата имотна положба не може да го остварува своето право за пристап до правдата. Сепак, Законот директно ја ограничува можноста на потенцијалните баратели да бараат правна помош во други области, освен во оние кои се таксативно наведени во Законот, како што се: правата од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување; работните односи, заштитата на децата и малолетниците кои се жртви на семејно насилство; заштитата на жртвите од казниви дела, заштитата на жртвите од трговија со луѓе и имотно-правните прашања.

Вака тесното дефинирање на правните области во кои може да се одобри бесплатна правна помош произлегува од условот со правната помош да се решава некое егзистенцијално прашање. Сепак, самиот Закон не ги предвидува докрај сите вакви можности, па во исклучувањето на некои ситуации во кои бесплатната правна помош не е дозволена, исклучил и други ранливи групи, кои поради друга алтернативна заштита остануваат без можност за еднаков пристап до правдата, како што е случајот со задолжителната одбрана во кривичните предмети. Така, на пример, Законот не предвидува бесплатна правна помош во случаите на задолжителна одбрана во кривичните постапки, при ослободување на трошоците во парничната и во управните постапки, како и за лицата што се обвинети за кривични дела за кои не е предвидена задолжителна одбрана. Имено, ЗКП предвидува задолжителна одбрана само на обвинетите за тешки кривични дела за кои се пропишани високи казни затвор, како и во случаите кога станува збор за кривични дела за кои не постојат услови за задолжителна одбрана, односно

за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над една година, но под услов обвинетиот да побара назначување на барател поради тоа што имотната состојба не му дозволува да ги покрие трошоците за одбраната. Во ваков случај, барање може да се поднесе само ако е подигнат обвинителен акт.

Непредвидувањето на бесплатната правна помош за оние обвинети во кривичната постапка за кои во Законот не е определена задолжителна одбрана е директно неуважување на правото за пристап до правдата, токму поради материјална немоќ. Доколку не можат да си обезбедат професионална одбрана (адвокат) без притоа да се доведе во прашање нивната егзистенција, овие лица – иако се обвинети во кривична постапка – се попречени да остварат пристап до правдата според принципот на еднаквост на сите граѓани. Како што споменавме, Законот точно определува во кои области може да се побара бесплатна правна помош од страна на определени групи граѓани, а меѓу нив не се вклучени кривичните спорови.

Кај примерот со жртвите на семејното насилство, пак, засега не е јасно прецизирано дали и правниот проблем за кој се бара бесплатна правна помош од страна на оваа жртва мора да биде во врска со ова казниво дело, т.е. каква е врската на барателот на бесплатната правна помош со правното прашање што се уредува со него во оваа ситуација и може ли истата жртва преку бесплатната правна помош да поднесе барање за стекнување со некое право што не произлегува од нејзиниот статус на жртва, а сепак е од егзистенцијална природа.

Инаку, Законот утврдува дека бесплатна правна помош нема да се одобри во случаите кога е очигледно дека станува збор за **неразумни работи** или кога не постојат правни факти врз основа на кои можат да бидат преземени правни дејствија. Притоа, во Законот не е точно утврдено што се подразбира под „очигледно неразумни работи“ и на кој начин и според кои критериуми Министерството за правда ќе утврди дали определено барање за бесплатна правна помош се однесува на работа која е неразумна, што остава широко поле за дискреција, но и за арбитрарност во процесот на одлучувањето.

Со цел да се обезбеди подетална анализа на случаите за кои е одобрена бесплатна правна помош, МЗМП упати барање за пристап до информациите од јавен карактер до Министерството за правда во октомври 2010 година, за да дознае *колкав е бројот на решенија за одобрување бесплатна правна помош и на кои правни прашања се однесуваат истите од почетокот на примената на Законот за бесплатна правна помош*. Во одговорот,

Министерството за правда наведува дека заклучно со 31 декември се одобрени вкупно 15 барања за бесплатна правна помош, и тоа главно за имотно-правни спорови и права од работен однос.

Останува непознат фактот кои и какви сè правни прашања биле предмет на барање за стекнување на правото на бесплатна правна помош од страна на барателите кои од разни причини не успеале да се стекнат со ова право. Одговорите на овие прашања, иако беа уредно побарани, не беа доставени од страна на Министерството за правда.

## 4.2 ПОТЕНЦИЈАЛНИ КОРИСНИЦИ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ – ГРАЃАНИ ВО КРАЈНА БЕДА

Законот за бесплатна правна помош предвидува дека право на бесплатна правна помош имаат сите државјани на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија, кои спаѓаат во некоја од следниве категории: лица кои се корисници на социјална помош; корисниците на правото на инвалидски додаток кои не остваруваат други приходи по основа на заработувачка или приходи од недвижности; корисниците на најниската пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од нив и семејствата или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Овде е неопходно да се укаже на неконзистентната употреба на терминот „инвалидски додаток“, затоа што истиот не се споменува како таков ниту во Законот за социјална заштита, а не е дефиниран ниту во Законот за бесплатна правна помош, така што останува непрецизирано кој сè има право на истиот, со цел да се задоволат условите за добивање бесплатна правна помош. Во известувањето што пристигна од Министерството за труд и социјална политика, како одговор на барањето за слободен пристап до информациите од јавен карактер, испратено од МЗМП, во врска со бројот на корисниците на инвалидски додаток, Министерството се произнело дека во согласност со Законот за социјална заштита не постои право на инвалидски додаток, па затоа не може да дадат соодветни информации. Се разбира, ова ќе влијае на толкувањето и примената на Законот, како од страна на органите, така и од страна на потенцијалните корисници.

Право на бесплатна правна помош, во согласност со Законот, имаат и: лицата на кои им е признаено правото на азил; внатрешно раселените лица, раселените или прогонетите лица кои имаат престојувалиште на територијата на Република Македонија, како и странските државјани кои во согласност со меѓународните договори, без оглед на тоа дали имаат престојувалиште или живеалиште на територијата на Република Македонија, остваруваат право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија. Лицата без државјанство кои законски престојуваат во Република Македонија, исто така, имаат право на бесплатна правна помош, но во случајов Законот не ја елаборира детално постапката во која апатридите можат да аплицираат за бесплатна правна помош.

Исто така, државјани на земја-членка на Европската унија под услови и на начин утврдени со овој закон (Бесплатна правна помош во прекугранични спорови) можат да се стекнат со правото на бесплатна правна помош.

Можноста за остварување на правото на бесплатна правна помош не ги зема предвид ситуациите во кои лицата кои немаат стекнато ниту еден од горенаведените статуси, но ги исполнуваат условите за стекнување на истите, имаат потреба од бесплатна правна помош, за да го стекнат определениот статус, со што директно се оневозможува пристапот до правдата. Оттука, можно е да се соочиме со ситуации во кои на лицата на кои им е потребна бесплатна правна помош и кои ги исполнуваат условите за стекнување со правото на бесплатна правна помош, истата нема да им биде достапна поради немањето определен статус.

Во практиката, како корисници можат да се јават само неколку категории лица, односно само лицата кои живеат во услови на голема беда. Во земјава, една петтина од населението живее во сиромаштија, а овој закон не го предвидува правото на бесплатна правна помош за голем број луѓе кои поради материјалната положба се лишени од можноста за извојување на правдата. Според некои понови истражувања[2], кај значаен дел од популацијата (43%) владее перцепцијата дека нивната ситуација е потпросечна, а повеќе од една третина од полулацијата (34%) немаат основни извори на приходи. Ситуацијата е влошена, бидејќи 60% од испитаниците опфатени со истражувањето укажале на тоа дека се соочуваат со егзистенцијални проблеми. Ова треба да се има предвид, особено кога се донесува Закон кој, пред сѐ, е наменет за сиромашните граѓани.

2 Извештај на ЈИЕ Универзитетот „*Граѓански засновани анализи*“ за квалитетот на социјалните услуги, април 2010 (поддржан од УНДП).

# 4.3 НАЧЕЛАТА НА ПОСТАПКАТА – УСЛОВ ЗА УСПЕШНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО

Постапката за стекнување со правото на бесплатна правна помош започнува со поднесување на **барање за бесплатна правна помош,** кое лицето-барател го поднесува до подрачното одделение на Министерството за правда (на посебно пропишан образец). Барателот е должен да достави и **писмена изјава,** потпишана од него и од членовите на семејството со кои живее во исто домаќинство, дека заеднички ги сносат трошоците за живот за нивниот вкупен движен и недвижен имот и, воедно, дека даваат дозвола за увид во сите податоци за нивната имотна состојба. Законот предвидува и еден исклучок од правилото, кога барател на бесплатна правна помош е лице кое е жртва на семејно насилство. Тогаш изјавата ја поднесува жртвата лично и таа не треба да биде потпишана од другите членови на семејството со кои живее во исто домаќинство.

Овластено службено лице од подрачното одделение на Министерството е должно веднаш да го разгледа барањето, водејќи сметка за итноста на спорот предвиден во соодветна постапка, и најдоцна во рок од 12 дена од денот на доставувањето да го комплетира со потребните документи и да го достави до Министерството. Во случаите со жртви на семејно насилство, по барањето се постапува веднаш.

По доставено барање од страна на Министерството, надлежниот **орган за имотна состојба** е должен, врз основа на потпишаната изјава од барателот и сите членови на семејството со кои тој живее, веднаш (а најдоцна во рок од три дена) да ги достави бараните податоци за имотната состојба на лицето-барател на бесплатна правна помош.

**Имотната состојба** на лицето-барател на бесплатна правна помош се утврдува врз основа на **доказот** издаден од органот што е надлежен за имотната состојба, којашто се утврдува врз основа на податоците за приходите (по сите основи) на тоа лице и на членовите на неговото домаќинство со кои живее и изјава за неговата материјално-социјална состојба за период од шест месеци пред доставувањето на барањето.

Бесплатна правна помош **не може да се одобри** доколку барателот или член на негово семејство со кој живее во исто домаќинство има имот што

достигнува или надминува пет просечни месечни бруто-плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец. Притоа, како **имот не се сметаат** предметите кои, во согласност со Законот за извршување, се изземени од извршувањето, како и моторно возило чијашто вредност не надминува пет просечни месечни бруто-плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец.

За да добијат помош, лицата-баратели треба да приложат потврда за својот статус или потврда дека се корисници на некое право од социјалната заштита, издадена од надлежните институции. На пример, кај корисниците на правата од социјалната заштита, потврдата за непоседување имот и фирма ја издава Централниот регистар. За лицата кои се корисници на социјална помош или инвалидски додаток, а не остваруваат други приходи врз основа на заработувачката, или се корисници на детски додаток, Министерството прибавува информации од Центарот за социјални работи. Доколку станува збор за барател на правна помош од категориите азилант, раселено лице, апатрид или странски државјанин, кон барањето се приложува и **потврда за статусот,** издадена од надлежен орган.

Битно е да се напомене дека во постапка по бесплатна правна помош **не се плаќаат административни такси.**

До 31 декември 2010 година постапки во кои е одобрена бесплатна правна помош се водат во следниве судови: две во Кавадарци; две во Штип; една во Кратово; една во Куманово; една во Велес; една во Струмица; една во Охрид; една во Битола; една во Радовиш; една во Валандово; една во Крива Паланка; една во Неготино, и една пред Апелациониот суд во Битола.

Законот за бесплатна правна помош не дава никакви ограничувања во однос на тоа колку пати едно лице може да поднесе барање за бесплатна правна помош за некое правно прашање, односно дали лицето може да побара повеќе од една бесплатна правна помош во истиот период за различни правни случаи.

Во процесот на стекнување со правото на бесплатна правна помош, Министерството за правда, како надлежен орган за спроведување на Законот за бесплатна правна помош, соработува со повеќе јавни институции и органи,

вклучувајќи ги и надлежните министерства[3], Централниот регистар, Центарот за социјални работи и другите органи на државната управа. Од успешноста на оваа соработка понатаму зависи и остварувањето на правото на бесплатна правна помош.

Примената на начелата и одредбите утврдени со Законот за бесплатна правна помош наиде на низа предизвици и прашања на кои треба да им се посвети особено внимание. Така, на пример, практиката покажува дека секогаш не се води сметка за итноста на постапката за решавање за правото на бесплатна правна помош. Барањата поднесени во 2010 година се решаваат и во 2011 година. Министерството за правда покажа неажурност и во поглед на процесуирањето на барањата поднесени во текот на првите шест месеци откако Законот стапи во сила. Ова пред сè се должи на фактот што Министерството е должно од другите институции да прибави докази за имотната состојба на барателот. Но, тие докази не се издаваат веднаш, во име на итноста на поднесеното барање.

Истиот заклучок се поткрепува и со сознанијата до кои се доаѓа преку активностите поврзани со барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер. По однос на барањата испратени до меѓуопштинските центри за социјална работа[4] (ЦСР) за вкупниот број корисници на правото на социјална заштита, во однос на нивните семејни приходи и вредноста на вкупниот имот, локалните центри одговорија различно. На пример, додека ЦСР Гевгелија, Неготино и Кавадарци даваат преглед на сите податоци коишто беа наведени погоре во барањето, ЦСР Битола дава податоци само за бројот на корисници на правата на парична помош од социјална заштита, но не и за висината на вкупниот приход што го остварувува семејството на корисникот, ниту пак за вкупната вредност на неговиот имот, во согласност со Законот за бесплатна правна помош. Центрите за социјална работа од Дебар и Свети Николе доставија информација дека, според Законот за социјална заштита и подзаконските акти, лицата или семејствата кои имаат приходи или имот немаат право на социјална парична помош.

---

3 Овде, пред сè, се мисли на Министерството за труд и социјална политика и на Министерството за внатрешни работи, заради утврдување на статусот на барателот на БПП.

4 ЦСР од кои беа побарани информации за број на корисници на социјална заштита по разни основи се: Кавадарци, Дебар, Делчево, Виница, Битола, Гевгелија, Македонски Брод, Гостивар, Берово, Радовиш, Струмица, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Ресен, Свети Николе, Струга, Тетово, Велес, Штип, град Скопје

Од ЦСР Кичево добивме одговор дека тие водат евиденција за квадратурата на имотот на корисниците на правото на парична помош од социјална заштита, што е еден од условите за стекнување на истото, но дека не се во состојба да ја утврдат вредноста на тој имот.

Накратко, најголем број од контактираните ЦСР доставија податоци само за бројот на корисниците на правото на парична помош од социјална помош по разни основи, со тоа што некаде беше на ниво на корисник, а некаде на ниво на домаќинства.

Постои неусогласеност во поглед на методологијата што се користи при прибирањето и обработката на податоците во делот на центрите за социјална работа, на што им беше укажано и на претставниците на Македонското здружение на младите правници од страна на претставниците од Министерството за труд и социјална политика.

Според ова, се поставува прашањето дали ЦСР воопшто располагаат со податоци за вредноста на имотот на корисниците на правото на социјална заштита, како и за вкупните приходи што ги остварува семејството на корисникот. Останува претпоставката дека центрите кои дале информација за вредноста на имотот со кој располага корисникот на правото од социјалната заштита и вкупниот имот на ниво на семејството, ја добиле истата врз основа на информациите добиени од органот надлежен за утврдување за непоседување имот и фирма.

Оттука се заклучува дека имателите на информации на локално ниво, кои доказите за статусот и имотната состојба на потенцијалните баратели на бесплатна правна помош ги добиваат од Министерството за правда, работат со неунифицирана методологија на водење и обработка на податоците, што уште повеќе ја усложнува работата на надлежното министерство во процесот на доделување на правото на бесплатна правна помош. Немањето вкрстени информации од овие релевантни институции оневозможува да биде постигната итноста на постапката за стекнување со правото на бесплатна правна помош – не само декларативно, туку и реално.

Непостоењето на солиден систем на база на податоци ја ускратува можноста за добивање поврзани информации од надлежните органи од кои се бараат податоците. Таков е примерот со известувањето од Министерството за труд и социјална политика, како одговор на барањето за информација од јавен карактер, во коешто се известува за вкупниот број семејства кои се

корисници на детски додаток, но не се даваат конкретни информации за тоа колку корисници на детски додаток имаат приход и имот во вкупната вредност што е утврдена со Законот за бесплатна правна помош.

Најчесто, МТСП – како најповикан орган според видот на случаите – дава информации за висината на остварените приходи, но не и за прашањата поврзани со вредноста на имотот на лицата, односно семејствата корисници на определени права од областа на социјалната заштита, што е директно поврзано со одобрување на правото на користење на бесплатната правна помош. Симптоматично е како МТСП преку центрите за социјална работа е надлежно да доделува социјална парична помош, а во исто време не располага со конкретна информација за тоа колку корисници на социјална парична помош на ниво на домаќинство имаат вкупен приход под 50% од просечната месечна бруто-плата исплатена за претходниот месец во РМ, ниту пак располага со информација за вкупната вредност на имотот на овие корисници, што е услов утврден во Законот за бесплатна правна помош, како основа за стекнување на правото на бесплатна правна помош.

До овој заклучок се доаѓа врз основа на добиените одговори на барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер, доставени од страна на МТСП. Од друга страна, Државниот завод за статистика, кој има најразвиен систем во областа на обработката на информациите и води редовни статистики, не прави анализи од ваков вид. Барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер за корисниците на бесплатна правна помош, Заводот ги препраќа до „вистинските иматели“, односно до МТСП, но и тоа се само парцијални податоци, со објаснување дека бараните податоци не се прибираат и обработуваат во ДЗС. Ова упатува на некоординираност на институциите во однос на располагањето со информациите и нецентрализирано регистрирање на сите податоци на ниво на државните институции.

Ваквиот фрагментиран пристап ни оддалеку не обезбедува гаранции за итност во постапката за доделување бесплатна правна помош, ниту пак прецизност и кредибилитет на податоците врз основа на кои се стекнува правото на бесплатна правна помош. Обидот да се дојде до информацијата за бројот на корисници на некое право од социјалната заштита, врз основа на вкупниот приход од семејството и вкупната вредност на имотот, како што е утврдено со Законот за бесплатна правна помош преку Управата за јавни приходи, резултираше со препраќање на барањата за бесплатна правна помош до МТСП и до центрите за социјална работа. При стекнувањето со

право на бесплатна правна помош за корисниците на најниска пензија кои живеат во семејство со две или повеќе лица издржувани од него, Фондот за ПИОМ располага само со информации за висината на пензијата, но не и за тоа колку лица издржува корисникот на истата. Во ваков случај, како што беше наведено погоре, нема можност за предвидливост при пресметувањето на вкупниот буџет на потенцијалните баратели на бесплатна правна помош на годишно ниво.

Во однос на дефинирањето на поимот „членови на семејството", во Законот за бесплатна правна помош кругот на семејството е утврден премногу широко, бидејќи во согласност со предвидениот „четврти" степен, во овој круг влегуваат и прадедо, прабаба и правнуци, што ќе претставува проблем во примената во практиката, особено ако се има предвид дека приходите и имотот на лицето кое поднесува барање за бесплатна правна помош се оценуваат на ниво на целиот имот и целокупните приходи на семејната заедница во којашто живее лицето-барател.

Една од поважните дилеми во однос на правото на бесплатна правна помош е нискиот праг на максималниот имот[5] што смее да го поседува барателот на бесплатната правна помош и неговото семејство.

При примената на овој закон е мошне важно на кој начин се утврдува **износот на готовината**. Барателот дава изјава за тоа дали и колкав износ на готовина (во домашна или во странска валута) поседува, меѓутоа во Законот не се утврдени постапката и критериумите во согласност со кои ќе се утврди износот на готовината. Ова, исто така, остава простор за непредвидливост и арбитрарност во процесот на одлучувањето за тоа дали барателот ги исполнува условите за стекнување на правото на бесплатна правна помош.

Понатаму, во согласност со основните принципи и политиката на овој закон, која е во насока на незагрозување на минималните животни стандарди во овозможувањето на еднаквиот пристап кон правдата, пред сè минималниот станбен простор, треба да се изземе од имотот што ќе биде предмет на утврдување и проценка од страна на надлежните органи во постапката за

5 Под „имот" на подносителот на барањето за бесплатна правна помош, се подразбира целокупниот движен и недвижен имот, имотните права, износот на готовина во домашна или во странска валута, паричните средства на сопствена сметка или штедна книшка, подарок, хартии од вредност, акции, удели во капитал и друг имот на подносителот на барањето или на полнолетни членови на неговото домаќинство во земјата или во странство.

остварување на правото на бесплатна правна помош. Недвижноста во којашто заедно живеат барателот и неговото семејство е од посебно значење за примената на овој закон, па поради тоа треба да се земе предвид и традицијата на луѓето во Македонија за потребата од поседување барем на минимален недвижен имот, во облик на стан, куќа, земјоделско земјиште, итн.

Во делот на дозволениот имот, во согласност со бројот на просечните плати, треба да се утврди претходната методологија и усогласеноста во самиот законски текст, бидејќи основата по бруто-просечни плати е дозволена само во случај на поседување возило, но не и за преостанатиот дозволен имот што се пресметува во просечни нето-плати. Доколку не се направи интервенција во овој сегмент, Законот ќе ја изгуби целта за која е донесен и ќе се применува само во случаи на голема беда.

## 4.4 ДАВАТЕЛИ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Бесплатната правна помош, во согласност со овој закон, се реализира од Министерството за правда, адвокати и од страна на овластени здруженија.

Бесплатната правна помош се остварува како **претходна правна помош** и **правна помош во сите судски и управни постапки**.

### 4.4.1 ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

Во давањето претходна правна помош се вклучени здруженијата на граѓаните и подрачните одделенија на Министерството, доколку добијат овластување за тоа.

Имено, давањето иницијален правен совет за правото на користење на правната помош, општа правна информација и правна помош во комплетирањето на барањето за бесплатна правна помош (**претходна правна помош**) ја дава овластено службено лице во подрачните одделенија на Министерството, доколку имаат најмалку еден правник со положен

правосуден испит[6] кој со решение од Министерството за правда ќе биде назначен за овластено службено лице за давање претходна правна помош.

Претходна правна помош се обезбедува и од страна на овластени здруженија запишани во Регистарот на здруженијата за претходна правна помош.

Овластените здруженија можат да даваат претходна правна помош доколку ги исполнуваат посебните услови утврдени со Законот за бесплатна правна помош. Имено, тие треба да бидат **запишани во Регистарот на здруженијата** во Централниот регистар на Република Македонија и, меѓу другото, да имаат **вработено најмалку еден дипломиран правник со положен правосуден испит.**

Од започнувањето на примената на Законот за бесплатна правна помош па сѐ досега до Министерството за правда не е пристигнато ниту едно барање за упис во Регистарот на здруженијата за бесплатна правна помош, по претходно добиено овластување за давање претходна бесплатна правна помош. Симптоматично е тоа што иако здруженијата беа дополнително вметнати во законскиот текст како даватели на бесплатна правна помош, како резултат на големите заложби на организациите на граѓаните кои ја даваат оваа помош, како и на меѓународната заедница, сега пред нив како да се постави некаков ѕид од барања од страна на законодавецот. Како резултат на високите критериуми, кои не треба да бидат предмет за потценување земени сами за себе, ниту едно здружение не успеа да ги задоволи условите и да се стекне со овластување за институционализирано давање правна помош при една суштинска и пред сѐ хумана активност кон која од почеток се стремеа.

Реалноста во која здруженијата во РМ ја остваруваат својата мисија е сама по себе сложена и подлежи на нужноста од помош. Имено, во последниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 се вели: „...Потребно е дополнително подобрување на системот на распределба на државните финансии на граѓанските организации, особено во однос на организациите од јавен интерес... Организациите на граѓани во голема мера остануваат зависни од надворешното финансирање, а недостигот од доволно финансиски средства и натаму е сериозно ограничување...“.

Следствено на ова, за да се стекнат со статус на овластени здруженија кои даваат бесплатна правна помош, здруженијата на граѓаните мора да имаат

6 Овој услов за вработените во подрачните канцеларии на Министерството за правда треба да се исполни почнувајќи од јануари 2012 година.

*вработено лице*, што претставува чекор кој предизвикува финансиски импликации за работењето на здружението од аспект на финансиското оптоварување на истите. Здруженијата имаат потешкотии со вработувањето правник со положен правосуден испит. од причина што не значи дека со секое поднесено барање ќе се исплатат средства на здруженијата, туку со секое **одобрено барање** за бесплатна правна помош се врши исплата на средства на здруженијата кои давале бесплатна правна помош. Оттука, здруженијата не можат однапред да проценат кои баратели ќе ги исполнат условите, а кои не, за финансиски да го оправдаат вработеното лице.

Доколку се следи постојната практика во работата на здруженијата и нивните обиди за обезбедување финансиска самоодржливост, најпрактичен чекор во насока на ангажирање лица кои би давале претходна правна помош е наместо лицето да биде вработено истото да биде ангажирано врз основа на договор за обезбедување на правни услуги.

Треба да се ревидираат и бараните услови за стручноста на лицата кои ќе ја обезбедуваат бесплатната правна помош, односно да се обезбедат правници со положен правосуден испит во здружението заинтересирано да добие овластување за давање бесплатна правна помош. Здруженијата на граѓаните имаат пошироко значење во системот на давање бесплатна правна помош, со оглед на нивното претходно и тековно акумулирано искуство во давањето правна помош на разни ранливи и маргинализирани групи граѓани, што е еднакво, а во некои случаи и позначајно од положениот правосуден испит. И оваа нивна сензибилизација е доволна причина за нивното место во системот на бесплатната правна помош. Впрочем, положениот правосуден испит во овој случај не гарантира и квалитет и професионалност во давањето бесплатна правна помош. Здруженијата и натаму нудат полесен и пофлексибилен пристап до информациите до кои потенцијалните баратели на бесплатна правна помош ќе дојдат во помалку бирократска средина.

Истовремено, изборот за кој ќе се одлучи барателот на бесплатната правна помош за добивање на бесплатна правна помош (претходна правна помош) е интересен за разгледување. Слободниот избор на даватели на услуги е европски тренд и истиот се огледува и во Законот за бесплатна правна помош, иако едукацијата на граѓаните и другите фактори кои влијаат на тој избор повеќе или помалку реално го отежнуваат вистинскиот избор при ваквите прашања каде што се бара правна помош.

Условите кои ги пропишува овој закон се гаранција дека давателите на бесплатна правна помош ќе обезбедат квалитетна и професионална бесплатна правна помош. Но овие услови не се однесуваат и на подрачните канцеларии на Министерството за правда, но и за вработените во МП на оваа проблематика, кои директно ја евалуираат документацијата и конечно одлучуваат по барањата за бесплатна правна помош.

Надоместокот за трошоците на овластеното здружение на граѓани за дадена претходна правна помош се пресметува во согласност со трошковникот за обемот на извршената работа по секој предмет одделно, за кој е донесено решение за одобрена правна помош, доставено до Министерството, а во согласност со Тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженијата за вршење работи на претходна правна помош. Според оваа тарифа, надоместокот се определува со бодови, и тоа:

- *за општа правна информација - 10 бода (1 бод = 20 денари)*
- *за иницијален правен совет за правото на користење на правна помош – 15 бода*
- *за правна помош во комлетирањето на барањето за бесплатна правна помош – 30 бода*

## 4.4.2 | ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКА

**Правната помош во постапка** пред надлежен орган и организација која се реализира од адвокати, опфаќа: **застапување** во сите степени во судски и управни постапки и **составување писмена** во судски и управни постапки.

Законот за бесплатна правна помош предвидува дека во случај на одобрување на правна помош ќе се почитува **волјата на корисникот** при изборот на адвокат, доколку постои можност за тоа. Во решението со кое се утврдува правото на бесплатна правна помош, Министерството **во соработка со корисникот,** го определува и адвокатот што ќе даде правна помош.

Доколку адвокатската заедница нема запишано адвокат во Регистарот на адвокати за давање правна помош, тогаш Министерството определува адвокат од друга најблиска адвокатска заедница, уважувајќи ја притоа **волјата на корисникот.**

Во делот на одлуката за тоа кај кој од наведените даватели на правна помош ќе се обратат корисниците на бесплатната правна помош се оди кон целосно

почитување на волјата на корисниците на бесплатната правна помош, како и одговорноста на истите во однос на користењето на ова право. Сличен систем е воспоставен во Република Хрватска, каде што наместо решение на корисникот му се доставува т.н. „упатница“, со која истиот може да се обрати до кој било адвокат или здружение на граѓани.

Добро е да се проследи практиката во поглед на тоа дали – како кај бранителите по службена должност, така и во овој случај–најчесто се пријавуваат помлади адвокати кои се на почетокот на својата кариера, пред сѐ поради потребата од претставување пред своите клиенти, стекнување искуство или поради недоволно активниот ангажман во однос на институтот „бранител по службена должност“ од страна на адвокатите кои се веќе истакнати и познати во професијата[7]. Според расположливите информации не може со сигурност да се утврди оваа реална претпоставка.

Исто така, намалениот износ на средства од 30% понекогаш влијае немотивирачки особено кај оние адвокати кои имаат редовни случаи и немаат потреба од дополнителни приходи.

Според изјавите на адвокатите во јавноста и преку *Прашалникот за следење на квалитетот на бесплатната правна помош која се дава во Република Македонија,* наменет за адвокатите, истите уверуваат дека нема да прават разлика помеѓу странките, без оглед на тоа дали станува збор за странка која добива бесплатна правна помош или редовна странка.

Од досега пристигнатите одговори на прашалникот што им беше поделен на адвокатите-даватели на бесплатна правна помош, не е забележан притисок или насочување на нивната работа од страна на Министерството за правда или друг државен орган. Меѓутоа, тука треба да се земе предвид фактот дека прашалникот не беше анонимен.

Исто така повеќето од испитаниците, адвокати, се произнеле дека правото на корисникот да ги избере токму нив било остварено без никаков проблем. Решението за запишување во Регистарот на адвокатите, донесено од страна на МП според пристигнатите одговори од прашалникот, било донесено во пропишаниот законски рок. Засега ниту еден од доставените одговори не истакнува побарување/надомест за трошоците за досегашните активности во

7 Извештај за капацитетите и формите на бесплатната правна помош во Република Македонија, подготвен од МЗМП, 2008.

врска со давањето бесплатна правна помош, со оглед на тоа што со исклучок на еден сите други се сѐ уште во фаза на подготовка за првото рочиште, односно сѐ уште се водат постапки по основа на тужби или по основа на жалби.

Наградата на адвокатот за дадена правна помош се пресметува во согласност со трошковникот на адвокатот за обемот на извршената работа по секој предмет одделно, доставен до Министерството, а во согласност со Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на адвокатите (намалена за 30%). Тука е важно да се истакне дека, за разлика од состојбата кај здруженијата, на адвокатите им се плаќаат трошоците за преземените дејствија без разлика на успехот на спорот. Овде би требало да се очекува материјалните трошоци кои настанале при давањето бесплатна правна помош на адвокатот да му бидат исплатени во целост.

Исто така, Законот за бесплатна правна помош пропишува дека доколку при редовниот надзор од страна на МП се утврди некаква неправилност (непрофесионалност, несовесност, нестручност) во дадената бесплатна правна помош, наградата на адвокатот нема да му биде исплатена за тој случај. Но, Законот не предидува и одговорност на адвокатот за надомест на штета на корисникот во случај на ваквото непрофесионално, нестручно и несовесно давање на бесплатна правна помош, што е од особено значење за корисниците на правото.

Важно е да се истакне дека во практиката може да се случи менување на адвокатот-давател на бесплатна правна помош во текот на постапката, и тука Законот за бесплатна правна помош не прецизира дали корисникот на бесплатна правна помош повторно ќе има право да избере од кого ќе добива натамошна правна помош и која е постапката за да се изврши тоа и какви последици би имала евентуално промената во квалитетот на дадената правна помош.

Специјализацијата на адвокатите за определени правни случаи и прашања кои подлежат под Законот за бесплатна правна помош ќе претставува проблем во практиката и континуираната едукација и сензибилизација на овие даватели на правни услуги, особено затоа што станува збор за случаи во кои учествуваат ранливи и маргинализирани групи граѓани. Ова треба особено да се има предвид при едукацијата што ја организираат АКРМ, но и Академијата за судии и јавни обвинители, како и специјализираните обуки од страна на Министерството за правда и другите меѓународни и домашни организации.

Регистарот на адвокати овластени да даваат бесплатна правна помош е објавен на веб-страницата на Министерството за правда (**www.pravda.gov.mk**), со што е исполнета законската обврска, а во истиот во моментов се впишани вкупно 196 адвокати.

Важно е да се истакне дека електронската страница на АКРМ не го содржи Регистарот на адвокатите кои даваат бесплатна правна помош, што не е законска обврска, но е професионална обврска, а од оваа организација бездруго се очекува таа обврска да биде исполнета.

## 4.5 ЦЕНТРАЛИЗИРАНОСТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО И НАДЗОРОТ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ

Министерството за правда е надлежно за одлучување за правото на бесплатна правна помош и за надзор над спроведувањето на бесплатната правна помош.

По добивањето на предметот од подрачното одделение на Министерството за правда, а водејќи сметка за итноста на спорот, Министерството е должно по барањето за бесплатна правна помош да постапи најдоцна во рок од осум дена. Министерот по барањето за бесплатна правна помош одлучува со решение, против кое незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежен суд. Притоа, Законот не утврдува покривање на трошоците на странката којашто сака да поведе управен спор против Министерството за правда, доколку во таквиот спор успее да се докаже нејзиното право.

Министерството е должно да врши надзор над работата на адвокатот и овластеното здружение на граѓани во давањето бесплатна правна помош. Притоа, Министерството има право да побара мислење од надлежниот орган пред кој се води постапката, како и информации и други податоци од лицето на кое му е одобрено користењето на правната помош.

Тука е битно да се напомене дека непостоењето на независно тело кое ќе одлучува за доделувањето бесплатна правна помош не влева крајна доверба кај барателите за стекнување на правото на бесплатна правна помош. Можната неефикасност на институтот бесплатна правна помош

поради централизираното одлучување по однос на секое барање од страна на министерот за правда е проблем со кој ќе се соочи државата во обидот да им понуди на граѓаните ефикасен и фер систем за пристап до правдата. Секако, постојното решение се чини помалку скап проект, со оглед на укажувањата дека креирањето ново тело за бесплатна правна помош би било дополнителен финансиски товар на и онака ограничениот буџет. Според тоа, откако ќе помине подолго време од примената на Законот, ќе треба да се направат дополнителни анализи со цел да се аргументираат едните или другите предности и недостатоци.

Имајќи предвид дека постапката за доделување бесплатна правна помош е итна, ажурноста на институциите под палката на Министерството за правда е највисок приоритет.

Во која мера МП ќе умее да направи анализа и обработка на податоците до кои ќе дојде преку надлежните органи и институции, имајќи ги предвид расположливите човечки и информатичко-технички ресурси, останува само да се претпостави. Според наши информации во МП, во моментов сите барања за бесплатна правна помош ги прибира едно лице и ова лице е задолжено да одлучува со решение за доделување или одбивање на правото на користење на бесплатна правна помош, а решението го потпишува министерот. Во случајот со 34-те подрачни одделенија на МП, кои претставуваат врска помеѓу барателите на правото и донесителите на одлуката при барањето на бесплатна правна помош, допрва треба да биде исполнет условот вработените кои даваат бесплатна правна помош да бидат правници со положен правосуден испит, што може да влијае на квалитетот на постапката. Доколку до информациите се дојде по нормален тек на нештата, во услови на синхронизирана и прецизна евиденција за одредени податоци од страна на разни органи на државната управа (до Министерството за правда ќе пристига целиот предмет со сите потребни податоци и документи, придружен со нацрт- решение), се чини дека 15-те дена за разгледување на истите и за носење на одлуката по предметот се премногу долг период. Имено, според примерите од практиката, кога станува збор за работни спорови во кои роковите за остварување на едно право од работен однос се пократки од роковите за добивање бесплатна правна помош, се ризикува роковите за остварување на правото од работен однос да поминат, со што барателот би го изгубил своето право.[8]

8 Ова беше и еден од заклучоците од Консултативниот состанок на Македонскиот центар за женски права ШЕЛТЕР ЦЕНТАР Скопје по однос на предлог-аконот за БПП, одржан во септември 2009 година.

# 4.6 СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Средствата за одобрување на бесплатната правна помош се обезбедуваат од **Буџетот на Министерството за правда,** како посебна програма предложена од министерот, одобрена од Владата на Република Македонија, како и од донации и од други приходи во согласност со Законот.

Бесплатната правна помош ги опфаќа оние трошоци во постапката што настанале по денот на одобрувањето на барањето за доделување бесплатна правна помош и дејствијата за правна помош кои по денот на одобрувањето на правната помош сѐ уште не биле извршени. Сепак, во Законот не е детално дадено дали и некои од поскапите активности кои би биле неопходни во постапките за утврдување на правото (на пример, вештачењето, увидот и сл.) ќе бидат покриени во рамките на дадената бесплатна правна помош. Исто така, во системот за бесплатна правна помош што се воспостави во РМ, не постои обврската на корисникот да ги поврати средствата (целосно или делумно) кои инаку би ги платил за правна помош во определена постапка и под определени услови утврдени со закон (како што е, на пример, случајот со системот на бесплатна правна помош во Словенија).

Како што истакнавме претходно, важно е да се констатира дека во Законот не е уредено дали и при евентуалниот позитивен исход од водењето на управен судски спор, во кој се утврдило дека барателот имал право на бесплатна правна помош, а првично барањето за стекнување со тоа право му било одбиено од првостепениот орган кој одлучувал, трошоците и надоместот на штета на барателот ќе му бидат надоместени од државниот буџет.

Следењето на можното влијание на нивото на пристап до правдата (трошоци, зголемена употреба на адвокат) за ранливите групи кои произлегуваат од овие реформи е потребен услов за проектирање на нивото на ресурсите[9].

За реализирање на правото на бесплатна правна помош во 2010 година биле обезбедени 12 милиони денари. За тековната 2011 година, во буџетот на Министеството за правда не е наведена посебна ставка за бесплатна правна

9 ЕУ проценка на Стратегијата за реформи во правосудството 2004

помош. Тука, недостига конкретна информација за одделените средства за обезбедување бесплатна правна помош.

Во врска со проектирањето на средствата потребни за реализирање на бесплатната правна помош, најбитна е методологијата со која се разгледуваат сите аспекти и елементи. Законот е прилично рестриктивен во однос на прагот на условите што треба да се исполнат за еден барател да стекне право на бесплатна правна помош, што не го одразува социјалниот карактер деклариран во Уставот на РМ. Како се утврдува бројот на потенцијалните корисници на правото на бесплатна правна помош останува предизвик за ваквиот вид анализи. Прецизноста во проектирањето на износот и вкупните потребни ресурси за ефикасна примена на Законот изгледа како мисловен процес, имајќи ги предвид предизвиците со кои реално се соочуваат интитуциите при евидентирањето на парцијалните информации, секоја за себе.

Немањето систем со база на податоци за релевантните информации за корисниците на бесплатна правна помош, остава простор за паушално третирање на финансиската подлога врз која ќе се спроведува Законот. Можни се ситуации на дефицитарност на средствата определени за оваа намена и рестриктивни решенија за доделување на правото, како резултат на ограничените расположливи ресурси. Ова директно ќе ги погоди граѓаните кои по зголеменото информирање за ова право, надежта ќе ја гледаат во овој закон, не сметајќи притоа на скриените недостатоци со кои ќе се соочат при неговата практична примена.

Со оглед на тоа дека Законот за бесплатна правна помош се донесува за првпат во Република Македонија, не постојат можности за детална анализа на финансиските трошоци. Меѓутоа, одредбите предложени во текстот на Законот даваат доволна основа за реална претпоставка дека Законот нема да предизвикува постојано зголемување на трошоците од причини што во текстот на Законот се вградени одредби со кои се предвидува дека како доверител, односно должник за наплата на трошоците во постапката за извршување во согласност со Законот за извршување се јавува Република Македонија, односно Министертвото за правда. Исто така, со Законот се предвидува дека бесплатна правна помош нема да се одобри во случаите кога е очиглено дека тие се неразумни или не постојат правни факти врз основа на кои можат да бидат првземени правни дејствија[10].

10 Ова е наведено во *Иницијалната проценка на влијание на регулативата* при донесувањето на Законот за бесплатна правна помош

Сепак, и покрај евентуалните расходи што би произлегле од некои активности кои се во насока на остварување на условите предвидени од Законот за бесплатна правна помош (вработување на лица со положен правосуден испит во подрачните одделенија на Министерството за правда, дополнителни обуки, промовирање на правото и подигање на јавната свест, како и други дополнителни ресурси), истите се незначителни во споредба со негативните импликации што ќе се одразат врз граѓаните поради намалувањето на достапноста до правдата.

## 4.7 ЈАВНА СВЕСТ И ИНФОРМИРАНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Информираноста за правото на бесплатна правна помош сè уште не е на нивото на кое заслужува да биде. Министерството за правда е должно да ги информира граѓаните за правото и начинот на користење на бесплатната правна помош преку средствата за јавно информирање (печатени и електронски). Понатаму, министерството на секои три месеца е должно да објавува ажурирана листа на овластени здруженија на граѓани за давање бесплатна правна помош.

Министерството во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комората на извршителите и Комората на медијаторите квартално организираат одржување на денови на бесплатен правен совет за сите граѓани за прашањата од областа на медијацијата, адвокатурата, нотаријатот и извршувањето. За таа цел, на секои три месеци, по претходна објава во весник и во месните заедници и според утврден план за редоследот и времето на одржување на деновите на бесплатен правен совет, специјално опремени возила (подвижни правни канцеларии) ги посетуваат населените места и директно разговараат со граѓаните. Овде е важно да се потенцира дека овие активности не се неопходно во директна врска со суштината на одредбите од Законот за бесплатна правна помош, туку дека треба да се сфатат условно, како можност за промовирање на работата на овие институции и нивните активности.

Според Законот за бесплатна правна помош, овластените здруженија за давање претходна правна помош не смеат да користат каков било облик на

реклама за давање претходна правна помош. **Недозволеното рекламирање** е основа за одземање на овластувањето за давање претходна правна помош.

Забраната за рекламирање на здруженијата на граѓани како даватели на претходна бесплатна правна помош, ќе предизвика низа негативни последици како за здруженијата, така и за Министерството за правда, како институтција одговорна за спроведување на Законот. Здруженијата на граѓани не потпаѓаат под рекламирање, бидејќи рекламирањето се однесува пред сѐ на пазарните субјекти и има комерцијален карактер, за разлика од промовирањето на здруженијата на граѓани чијашто основна цел е обезбедување помош на граѓаните, без притоа да се оствари профит.

Таканареченото „недозволено рекламирање" и фактот дека во Регистарот на здруженијата за давање бесплатна правна помош не е регистрирано ниту едно здружение на граѓани, само ги намалува можностите за подигање на свеста на граѓаните за ова право. Напротив, здруженијата на граѓаните се најчести промотори на правото на бесплатна правна помош помеѓу граѓаните.

Исто така, за работата од областа на бесплатната правна помош Министерството поднесува годишен извештај до Владата на Република Македонија, а истиот се објавува на веб-страницата на Министерството за правда.

Во извештајот особено значајни се податоците за: бројот на доставените барања за бесплатна правна помош; бројот на донесените решенија за одобрена правна помош; бројот на одбиените барања за бесплатна правна помош; видот на работата за која е одобрена правна помош; обемот на средствата исплатени за одобрената правна помош; обемот на вратените средства од наплатените трошоци во постапка за извршување; статистичките показатели и одржаните денови на бесплатен правен совет и др. Годишниот извештај, во рок од 30 дена по усвојувањето, Владата на Република Македонија го доставува до Собранието на Република Македонија.

Се очекува овој годишен извештај да даде попрецизна и поцелосна слика за ефектите од примената на Законот за бесплатна правна помош за периодот од една година од стапувањето во сила и да биде основа за понатамошни анализи и согледувања од страна на сите фактори во системот на бесплатната правна помош и, пред сѐ, на јавноста.

# 5 Заклучоци

- Правните прашања (случаи) за кои може да се обезбеди бесплатна правна помош се премногу ограничени за да обезбедат вистинска гаранција за остварување на правото на бесплатна правна помош. Во моментов, Законот не ги опфаќа лицата што се обвинети за кривични дела за кои не е предвидена задолжителна одбрана.

- Како корисници можат да се јават само малубројна категорија лица, односно лица кои живеат во услови на голема беда. Ова треба особено да се земе предвид кога станува збор за Закон кој е пред сѐ наменет за сиромашните граѓани, во држава која со Устав е декларирана како социјална. Сегашните решенија можат да произведат нова дискриминација, наместо унапредување на правата на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите и нееднаков пристап до правдата.

- Немањето посебен орган што би одлучувал по барањата за бесплатна правна помош доведува до централизирано и бавно одлучување. Дефицитарните човечки и технички ресурси на страна на институцијата која е одговорна за спроведување на Законот, не одат во прилог на итноста и квалитетот на постапката.

- Непостоењето на конзистентен и хармонизиран систем помеѓу институциите кои се иматели на информациите и кои според Законот за бесплатна правна помош би требало да соработуваат во процесот на обезбедување докази за утврдување на правото за бесплатна правна помош, е спротивно на интересите на барателите на правото на бесплатна правна помош, затоа што се соочуваат со губење на можноста за успешно да дојдат до правдата поради неможноста да се запази некој, со закон определен рок.

- За проектирање на идните трошоци поврзани за доделувањето на бесплатна правна помош на потенцијалните корисници на истата во републичкиот буџет, потребно е попрецизно водење на евиденцијата за бројот на потенцијалните корисници, според строго утврдени и

унифицирани критериуми. Ова е особено важно за да се обезбедат доволно средства со цел редовно да се задоволуваат потребите на барателите на бесплатна правна помош.

- Потребно е да се адаптираат условите според кои се доделуваат овластувања на заинтересираните здруженија за давање бесплатна правна помош, за истите да можат да ги задоволат критериумите за упис во регистарот на здруженијата за давање бесплатна правна помош, без истите значајно да влијаат на нивната финансиска одржливост. Тука треба да се гледа пошироко на улогата што ја имаат здруженијата во целокупниот систем на давање на бесплатната правна помош.

- Неопходно е да се обезбеди систематска и континуирана професионална обука на давателите на бесплатна правна помош, со цел нивно натамошно усовршување во работата со овие ранливи и маргинализирани категории луѓе. На тој начин ќе се обезбеди квалитет во услугата и еднаков третман на граѓаните во пристапот до правдата.

- Важно е да постои редовна информираност и предвидливост во однос на условите за доделување на правото на бесплатна правна помош, со цел да се покаже вистинска намера и посветеност кон исполнување на целите на овој закон од страна на државата и другите фактори. Оттука, одредбата за недозволено рекламирање на здруженијата на граѓани кои нудат бесплатна правна помош, го оневозможува овој јавен интерес, доколку не е прецизно дефинирано што се подразбира под недозволено рекламирање. Овластените здруженија имаат најголема улога во приближувањето на ова право до крајните корисници. Веб-сајтот, како медиум што се користи за редовно информирање од страна на МП, е најмалку застапен кај потенцијалните баратели на бесплатна правна помош.

- Неправењето дистинкција меѓу овој закон и другите постојни закони, каде што правната помош е предвидена (Закон за правата на потрошувачите, Законот за општа управна постапка, Законот за Народниот правобранител и др.), остава впечаток за некоординираност помеѓу institициите и организациите кои обезбедуваат разни видови бесплатна правна помош во државата. Потребна е натамошна хармонизација на одредбите за уредување на оваа област на ниво на целокупното релевантно законодавство. Ова ќе обезбеди целосна покриеност на сите групи граѓани кои имаат потреба од остварување на правото на бесплатна правна помош.

# АНЕКСИ

# 6 Анекси

## АНЕКС I

***Преглед на законодавството од областа на бесплатната правна помош (домашни и меѓународни правни извори и стандарди)***

## 1.1. Меѓународни правни акти

*Во рамките на овој анекс следува краток осврт на документите донесени од страна на Организацијата на Обединетите нации, Советот на Европа, Европската унија и од страна на членките на Хашката конференција за меѓународно приватно право.*

### Универзална декларација за човековите права

Декларацијата во рамките на својот нормативен текст утврдува повеќе права кои на човекот му гарантираат право на пристап до правдата. Имено, во членот 7 се прокламираат принципите на еднаквост пред законот, еднаква заштита со законот и еднаквост при имплементацијата на законот. Со ваквото интерпретирање на еднаквоста како принцип, се подразбира **активната улога на државата и мерките на афирмативна акција**, што е јасно определено во меѓународните договори коишто следуваат подоцна. Во Декларацијата се споменуваат и правото на ефективен правен лек и правото на праведно и јавно судење.

### Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права

Со овој документ повторно се става акцент на принципот на еднаквост и правото на ефективен правен лек во случај на непочитување на правата. Тоа подразбира активно залагање на државата за воспоставување на принципот

на еднаквост на странките пред судските и административните органи на државата, коешто нема да биде само формално.

## Основни принципи за улогата на адвокатите

Со овој документ се регулира правото на пристап до правдата на индиректен начин[11], преку регулирање на правото на пристап до адвокат или правен советник. Документот зборува за потребата државата да обезбеди гаранции дека секој ќе може да ги ужива услугите на правните советници, за **условите што треба да ги исполнуваат давателите на правна помош**, односно за регулирање на потребните квалификации за вршење на дејноста, како и за гаранциите коишто треба да ги уживаат истите при вршењето на нивната професија.

## Конвенција за меѓународен пристап до правдата

Конвенцијата за меѓународен пристап до правдата е склучена на 25 октомври 1980 год. во Хаг, од страна на државите-членки[12] на Хашката конференција за меѓународно приватно право[13]. Конвенцијата е првиот меѓународен документ со кој подетално е опфатена проблематиката на регулирањето на правото на пристап до правдата и неговата судска и друга заштита на светско ниво, при што тоа е заштитено како право на сите државјани или лица со регулиран престој во соодветната држава, која е потписничка на Конвенцијата, но и во која било држава-потписничка на Конвенцијата во која ќе започне или е започната судската постапка. Значи, **целта на Конвенцијата** не е да ги хармонизира националните законодавства, туку **да обезбеди дека статусот на странец или немањето живеалиште или престојувалиште во државата нема да биде основа за дискриминација при пристапот до правдата**.

---

11 На индиректен начин, правото на пристап до правдата се регулира и со документот Основни принципи за независното судство, усвоен на Седмиот конгрес на ООН за спречување на криминал и третман на прекршителите на правото, одржан во Милано, Италија, од 26 август до 6 септември 1985 и донесен со Резолуцијата 40/32 на Генералното собрание на ООН, од 13 декември истата година. Документот Основни принципи за независното судство зборува за активностите коишто треба да ги преземат државите-членки на ООН во насока на обезбедување независно судство, како гаранција за заштитата на правата на граѓаните.

12 Хашката конференција за меѓународно приватно право има 68 држави-членки од целиот свет, меѓу кои и Република Македонија

13 Подетално за Хашката конференција за меѓународно приватно право и за интегралниот текст на Конвенцијата на Интернет страницата: **http://www.hcch.net/index_en.php?act=conventions.listing**

## Резолуција (76) 5 за правна помош во граѓански, трговски и управно-правни предмети

Во рамките на Резолуцијата, Комитетот на министрите на Советот на Европа утврдил дека заради елиминирање на сите економски пречки за пристап до правдата, особено на социјално и економски загрозените лица, се препорачува обезбедување квалитетна правна помош на сите граѓани од државите-членки на Советот на Европа во сите граѓански, трговски и управно-правни предмети. Со Резолуцијата се врши **изедначување на правата на државјаните на државата кога е поднесено барањето за бесплатна правна помош,** со државјаните на сите членки на Советот на Европа, со апатридите и **со странците во целост**.

## Резолуцијата (78) 8 за правна помош и правен совет и Анексот на Резолуцијата (78) 8

Комитетот на министрите на Советот на Европа смета дека е значајно да се преземат сите неопходни мерки со цел да се елиминираат економските пречки што го спречуваат **пристапот кон правдата** и дека **постоењето на соодветни системи за правна помош** ќе придонесе за реализирање на таа цел, особено во однос на лицата кои се во економски незавидна состојба.

Резолуцијата ги утврдува јасните **критериуми во однос на финансиските предуслови за определување на корисниците на бесплатна правна помош**, а притоа мора да се води сметка и за трошоците на постапката. Значи, се бара државата да воспостави механизам со кој ќе се овозможи идентификување на лицата на кои бесплатната правна помош им е најпотребна. Притоа, не треба да се земат предвид само финансиските критериуми, туку **државните органи треба да ја проценат целисходноста на постапката.** Правната помош треба да се состои во поддршка од страна на лице квалификувано за вршење правна дејност, во согласнот со прописите на заинтересираната држава. Овде се наметнува **потребата од дефинирање на субјектите кои ќе бидат овластени да даваат бесплатна правна помош** и кои за тоа ќе добиваат надомест од страна на државата (адвокатските комори односно здруженија, невладините организации, правните клиники на факултетите, синдикатите итн.)

Бесплатната правна помош не е акт на милосрдие кон сиромашните, туку позитивна обврска на државата. Оттаму, **лицето на кое му се дава помош треба да биде слободно само да го избере квалификуваното лице кое ќе го застапува.**

Државите имаат обврска да ги преземат сите неопходни мерки со кои ќе ја запознаат јавноста, па во таа смисла се наметнува потребата од **транспарентност во целокупната постапка на давање правна помош.**

## Европска спогодба за пренесување на барањата за правна помош

Европската спогодба за пренесување на барањата за правна помош е склучена помеѓу државите-членки на *Советот на Европа* на 27 јануари 1977, со цел да се подобри правната положба на граѓаните во државите-членки на Советот на Европа преку обезбедување општи гаранции за пристап до правдата и утврдување на процедура во која државјаните на државите-потписнички ќе можат да аплицираат за правна помош што ќе ја обезбеди друга држава-потписничка.

Во согласност со Спогодбата, секоја држава-потписничка е обврзана да одреди или да формира служба што ќе ги прима и пренесува барањата за правна помош до институциите кои ќе ги примаат барањата во другата држава-потписничка, односно до институцијата која ќе одлучува по поднесеното барање.

## Дополнителен протокол на Европската спогодба за пренесување на барањата за правна помош

Со цел да се обезбедат процедурални правила за пренесување на барањата за правна помош, кон Европската спогодба е склучен и **Дополнителен протокол на Европската спогодба за пренесување на барањата за правна помош**[14]. Со Протоколот, државите-членки на Советот на Европа добиваат одредени обврски кои се однесуваат пред сè на соработката на надлежните агенции, на одредувањето правен застапник, на јазикот на постапката и, конечно, на јазикот на кој ќе биде укажувана правната помош или ќе биде обезбеден превод при укажувањето на правната помош.

## Препорака П (2005) 12

Заради натамошно олеснување на пристапот до правдата на физичките лица во сите земји-членки на Советот на Европа, независно од нивното државјанство, како дополнение на претходно споменатата Спогодба и Дополнителниот протокол, Комитетот на министрите на СЕ на 15 јуни 2005 ја донесе **Препораката П (2005) 12** со која се уредува **формата на барањето за**

14 Подетално види на: **http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Word/179.doc**

**користење на правната помош во странство,** во согласност со Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош и нејзиниот дополнителен протокол, со цел да се овозможи нејзино **унифицирање**.

## Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (ЕКЧП)

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (ЕКЧП) е потпишана во Рим на 4 ноември 1950 година од страна на земјите-членки на Советот на Европа, а влезе на сила во 1953 година. Досега ја ратификувале 47 земји. Конвенцијата е првиот регионален документ со кој суверените држави се согласиле да воспостават супранационален контролен систем заради почитување на правата наведени во ЕКЧП и во нејзините протоколи. Конвенцијата има улога на коректив во однос на конкретните повреди на правата на човекот и има значителен ефект врз законодавството на земјите-членки. Имено, кога во определена пресуда на Европскиот суд за човековите права е утврдено дека националното право не е во согласност со Конвенцијата, тогаш државата е должна да пристапи кон измени на релевантната легислатива.

Иако, во текстот на Конвенцијата не се содржи никаква посебна референца за правото на пристап до правдата, сепак тоа е востановено преку судската практика на Европскиот суд за човековите права и е една од компонентите на правото за правично судење кое ЕКЧП го заштитува во својот член 6 (право на правично судење).

Судската практика определува јасни критериуми во однос на финансиските предуслови за определување на корисниците на бесплатната правна помош и определување на ризичните групи на кои им треба заштита, за сложеноста на случајот како критериум, за обемот и квалитетот на бесплатната правна помош што ја обезбедува државата. Судот се обидува да го дефинира поимот „интереси на правдата“, како состојба во која треба да биде дадена бесплатна правна помош од страна на државата.

## Препорака Р (93) 1

На 8 јануари 1993 година Комитетот на министрите на Советот на Европа ја донесе **Препораката Р (93) 1 до државите-членки за ефикасен пристап кон правдата и судството на лицата во состојба на голема беда**. Препораката претставува значителен исчекор бидејќи за првпат **релативно прецизно се определуваат корисниците на бесплатната правна помош** и се определува

улогата на невладините организации во давањето бесплатна правна помош и правен совет.

Според Препораката, во групата лица во состојба на голема беда спаѓаат најсиромашните лица и групите кои се маргинализирани или исклучени од заедницата - како на економски, така и на социјален план. Конвенцијата потсетува и на принципот на неделивост на човековите права, кој значи дека уживањето на политичките и граѓанските права не е ефективно доколку не се заштитени и економските, социјалните и културните права.

За таа цел, се повикуваат државите-членки на Советот на Европа да се стремат кон постигнување на следниве цели:

- да го олеснат ефективниот пристап до правдата на лицата во состојба на голема беда;
- да го олеснат ефективниот пристап на лицата во голема беда кон вонсудските начини на решавање на конфликтите;
- да го олеснат ефикасниот пристап кон судството на лицата во состојба на голема беда;
- да ги консултираат, секогаш кога е можно и во рамките на нивната генерална политика за борба против големата беда, невладините организации заинтересирани за областа што ја покрива препораката и здруженијата за помош на лицата во состојба на голема беда.

Исто така, Препораката ја проширува и правната помош на лицата во состојба на голема беда кога тие се апатриди или странци или во секој случај кога тие имаат живеалиште на територијата на држава-членка каде што треба да се спроведе постапката. И, конечно, Препораката ги определува и **случаите кога надлежните органи можат да одбијат да дадат бесплатна правна помош** (кога е неприфатлив карактерот на барањето, во случај кога перспективите за успех не се недоволни или во случаите кога интересот на правдата не бара неопходно давање правна помош).

## Директива на Советот на ЕУ 2002/8/ЕЗ

Европската комисија и Советот на ЕУ во рамките на своите надлежности, а сакајќи понатаму да пристапат кон регулирање на обврските создадени со членовите 60–67 од Договорот за Европската унија, ги донесуваат:

- **Директивата на Советот 2002/8/ЕЗ од 27 јануари 2003 за подобрување на пристапот до правда во прекуграничните спорови, преку воспоставување минимални заеднички правила кои се однесуваат на правната помош во тие спорови,** и
- Одлуката на Комисијата 2004/844/ЕЗ од 9 ноември 2004 за утврдување на **формуларот за барање правна помош,** во согласност со Директивата.

Целиот пакет документи на Европската унија е усвоен заради **олеснување на пристапот до правда во прекуграничните спорови**, како начин за олеснување на судската соработка во граѓанските и во кривичните предмети што се развива во рамките на Унијата. Според Спогодбата за стабилизација и асоцијација, која е ратификувана во согласност со Уставот на Република Македонија и претставува дел од внатрешниот правен поредок, а особено нејзиниот член 68, Република Македонија има конкретна обврска да презема активности за приближување на своето законодавство кон заедничките придобивки на Унијата. Оттука, потребно е да се овозможи полесен пристап до правдата, особено во прекуграничните спорови, како и за лицата кои не се државјани на Република Македонија, како и олеснето движење и востановување и давање услуги, вклучувајќи ја и правната помош и **бесплатната правна помош за сите учесници, државјани или национални правни лица и странци, односно жители и државјани на државите-членки на Европската унија.**

## 1.2. Домашно законодавство

### Закон за бесплатна правна помош[15]

Со овој закон се уредуваат правото на бесплатна правна помош, постапката во која се остварува, корисниците, условите и начинот на неговото остварување, давателите на бесплатна правна помош, органите надлежни за одлучување, заштитата на правото на бесплатна правна помош, финансирањето и надзорот над неговото спроведување, организирањето денови за бесплатен правен совет, бесплатна правна помош во прекуграничните спорови, како и надзорот над примената на одредбите од овој закон.

Како што стои во членот 2 од Законот, целта на Законот е да обезбеди еднаков пристап на граѓаните и на другите лица определени со овој закон

15 Службен весник на РМ, бр. 161 од 30.12.2009 година

до институциите на системот, можност за запознавање, остварување и овозможување ефективна правна помош, според начелото за еднаков пристап до правдата, принципите за еднаквост пред законот, принципот за еднаква заштита со законот и еднаквост при имплементацијата на законот, во согласност со Универзалната декларација за човековите права,[16] чијшто потписник е и Република Македонија.

Бесплатната правна помош, како што е предвидено со овој закон, се реализира од Министерството за правда, адвокатите и од овластените здруженија. Постапката за бесплатна правна помош **е итна постапка**.

Бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во сите судски и управни постапки.

***Претходната правна помош***, во согласност со законот, се дава од овластено службено лице во подрачните одделенија на Министерството и од овластени здруженија и истата опфаќа:

- иницијален правен совет за правото за користење на правната помош;
- општа правна информација, и
- правна помош во комплетирањето на барањето за бесплатна правна помош.

***Правната помош*** во постапка пред надлежен орган и организација се реализира од адвокати и опфаќа:

- застапување во сите степени во судските и во управните постапки, и
- составување писмена во судските и во управните постапки.

Право на бесплатна правна помош имаат физичките лица (корисници) кои се државјани на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија, односно:

- лицата корисници на социјална помош;
- корисниците на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основа на заработувачка или приходи од недвижности;

16 Универзална декларација за човековите права, усвоена и прогласена со Резолуцијата 217 А (III) на Генералното собрание на ООН, на 10 декември 1948 година.

- корисниците на најниската пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од нив, и
- семејствата или самохраните родители со едно или повеќе малолетни деца, кои остваруваат право на детски додаток.
- Право на бесплатна правна помош, во согласност со овој закон, имаат и:
- лицата на кои им е признаено правото на азил и внатрешно раселените лица;
- раселените или прогонетите лица кои имаат престојувалиште на територијата на Република Македонија;
- странските државјани кои во согласност со меѓународните договори, без оглед на тоа дали имаат престојувалиште или живеалиште на територијата на Република Македонија, ги остваруваат нивните права за кои е надлежен државен орган на Република Македонија;
- лицата без државјанство кои законски престојуваат во Република Македонија, и
- државјаните на земјите-членки на Европската унија, под услови и на начин утврдени со овој закон.

Средствата за одобрување на бесплатната правна помош се обезбедуваат од буџетот на Министерството за правда, како посебна програма предложена од министерот и одобрена од Владата на Република Македонија, како и од донации и други приходи во согласност со Законот.

Законот утврдува и надзор над спроведувањето на бесплатната правна помош, што е во надлежност на Министерството за правда.

Од почетокот на примената на Законот се донесени следниве подзаконски акти:

1) Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на адвокатите за правна помош;[17]

2) Правилникот за содржината на барањето за добивање овластување за давање на претходна правна помош;[18]

---

17 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.5.2010 година

18 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.5.2010 година

3) Правилникот за содржината на образецот на барањето за бесплатна правна помош;[19]

4) Правилникот за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од страна на адвокатот;[20]

5) Правилникот за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од страна на овластените здруженија;[21]

6) Тарифата за надоместок на трошоците за работата на здруженијата за вршење на работите во врска со претходната правна помош.[22]

≈

*Донесувањето на Законот за бесплатна правна помош е првиот чекор во насока на олеснување на процесот на давање правна помош, а со тоа и на остварување на правото на еднаков пристап до правдата за лицата кои не можат да си го дозволат тоа, без притоа да ја доведат во прашање нивната и егзистенцијата на нивните семејства. Сепак, во овој извештај би сакале да се осврнеме на одредбите на Уставот и на другите закони кои по својата природа задираат во уредувањето на прашањата што се тесно поврзани со остварувањето на правото на бесплатна правна помош.*

## Устав на Република Македонија[23]

Уставот на Република Македонија, заедно со уставните амандмани, ги предвидува основните слободи и права на човекот и граѓанинот, како една од темелните вредности на уставниот поредок, кои како такви се вткаени во Универзалната декларација на Обединетите нации за слободите и правата на човекот и во Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права на Советот на Европа, чијшто потписник е и нашата држава. Уставот, како највисок правен акт, не содржи посебни одредби со кои директно се гарантира правото на бесплатна правна помош, туку ова право се гарантира преку правото на еднаквост (член 9), кое прокламира еднаквост помеѓу граѓаните без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и

19 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.5.2010 година
20 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.5.2010 година
21 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.5.2010 година
22 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.5.2010 година
23 Службен весник на РМ бр.52 од 22.11.1992 година

општествената положба, од една страна, и еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите, од друга страна. Оваа одредба на Уставот нужно упатува на потребата од обезбедување еднаков пристап до правдата на сите граѓани, вклучувајки ги и граѓаните кои спаѓаат во ранливите категории, чиешто живеење е отежнато како резултат на финансиската положба во којашто се наоѓаат, што пак упатува на темелните вредности на Уставот кои мора да се земат предвид, како што се хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

За да се постигне целосна гаранција на правото на еднаквост помеѓу граѓаните и еднаквост пред Уставот и законите, државата треба да овозможи механизми со кои ќе се превенираат можностите за дискриминација. Во однос на правото на еднаквост во пристапот до правдата, Уставот на Република Македонија предвидува институционална заштита на граѓаните во остварувањето на правото на еднаквост преку членот 50 од Уставот, со кој се гарантира дека секој граѓанин пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија може да се повика на заштитата на слободите и правата утврдени со Уставот. Постапката за заштита на слободите и правата е заснована на начелата на приоритет и итност. Оваа одредба е доработена и во членот 110 алинеја 3 од Уставот, каде што се посебно наведени правата и слободите за кои Уставниот суд дава посебна заштита, вклучувајќи го и правото на еднаквост.

И покрај тоа што не постојат посебни одредби кои го гарантираат правото на бесплатна правна помош, Уставот на Република Македонија предвидува широки рамки за законско регулирање на ова право.

## Закон за судовите[24]

Овој закон ја уредува работата на судовите кои ја спроведуваат судската власт во Република Македонија. Судовите судат, а нивните одлуки се засновани на Уставот, законите и на меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Во примената на правото, судиите ги заштитуваат човековите слободи и права.

Целите и функциите на судската власт опфаќаат:

- непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките;
- заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи;

24 Службен весник на РМ бр.58 од 11.5.2006 година

- обезбедување еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа, и
- обезбедување правна сигурност врз основа на владеењето на правото.

Во постапка пропишана со закон, судот одлучува за:

- правата на човекот и граѓанинот и правно заснованите интереси;
- споровите меѓу граѓаните и другите правни субјекти;
- кривичните дела и прекршоците, и
- за други работи што со закон се ставени во надлежност на судот.

Во согласност со одредбите од овој закон, секој има право на еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси. При одлучувањето за граѓанските права и обврски и за кривичната одговорност, секој има право на правично и јавно судење во разумен рок, пред независен и непристрасен суд основан со закон. Пристапот до судовите и заштитата на основните права и слободи не можат да бидат ограничени поради недостиг на материјални средства.

## Законот за кривична постапка (ЗКП)[25]

Овој закон содржи одредби во кои се предвидува правото на бесплатна правна помош за лица обвинети во кривична постапка, како и условите за стекнување со ова право и начинот на кој се остварува правото на бесплатна правна помош. Значењето на правото на бесплатна правна помош во кривичните постапки се согледува во тоа што законодавецот го дефинира ова право како едно од основните права на обвинетиот и го вметнува во основните процесни начела. Во Законот се предвидува правото на *бесплатна одбрана,* односно бесплатно доделување бранител во случаите кога обвинетиот не поседува средства за да го плати бранителот и кога тоа го налагаат интересите на правдата. Правото на одбрана во кривичната постапка е една од гаранциите за остварување на основните човекови слободи и права. Во согласност со оваа политика на заштита, ЗКП го гарантира правото на квалитетна и професионална одбрана на лицата во преткривичната и во

25 Службен весник на РМ бр. 150 од 18.11.2010 година, а ќе почне да се применува по истекот на две години од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на вршењето на доставата по електронски пат, кои ќе почнат да се применуваат по истекот на една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

судската постапка, преку одредбите во кои е изречно уредено дека секој има право на бранител, односно дека бранител може да биде само адвокат. Законодавецот понатаму ги утврдува и случаите кога е задолжително лицата да имаат бранител. Согласно членот 66 од ЗКП, обвинетиот задолжително треба да има бранител во следниве случаи:

- при првото испитување, доколку обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во Законот е пропишана казна доживотен затвор;
- ако против него е определен притвор, за време додека трае притворот;
- за време на доставувањето на обвинителниот акт, доколку обвинителниот акт е подигнат поради кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од десет години или потешка казна затвор;
- при донесувањето решение за судење во отсуство, доколку на обвинетиот му се суди во отсуство, и
- ако обвинетиот, во случаите на задолжителна одбрана од претходните ставови на овој член, самиот не земе бранител.

За обезбедување задолжителна одбрана до правосилноста на пресудата е задолжен судот во кој се постапува по предметот, односно претседателот на судот го назначува бранителот по службена должност (со решение).

Посебното значење на правото на бесплатна правна помош е индикативно бидејќи ЗКП не го предвидува ова минимално право на обвинетиот само за тешки кривични дела за кои се пропишани високи казни затвор, туку ова право го обезбедува и во членот 67, односно во случаите кога станува збор за кривични дела за кои не постојат услови за задолжителна одбрана, односно за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над една година, под услов обвинетиот да побара назначување на барател затоа што неговата имотна состојба не му овозможува да ги поднесе трошоците за одбраната. Во овој случај, барање може да се поднесе само доколку е подигнат обвинителен акт. По барањето одлучува судијата во претходната постапка, односно претседателот на Советот, а бранителот го поставува претседателот на судот. Во барањето обвинетиот може самиот да посочи определен адвокат од листата адвокати од соодветната адвокатска заедница кој ќе биде негов бранител.

## Закон за парнична постапка (ЗПП)[26]

Законот за парнична постапка, исто како и Законот за кривична постапка, јасно дефинира кој може да биде застапник и полномошник на странката во парнична постапка, во кои случаи се определува законски или привремен застапник и во кои случаи судот обезбедува бесплатна правна помош, односно бесплатен полномошник за странката во парничната постапка.

Во членот 72 од ЗПП е утврдено дека странките кои немаат парнична способност, односно не се деловно способни, се застапувани од законски застапници кои се определуваат со Законот или со акт на надлежниот орган. Во членот 73 е дефинирано дека законските застапници можат да ги преземаат сите процесни дејствија во име и на сметка на лицата кои ги застапуваат, освен во случаите кога е потребно посебно овластување (со посебни прописи) за преземање на определени процесни дејствија. Правниот институт „законски застапник" е основната гаранција за заштита на правата на лицата кои учествуваат во парничната постапката, а немаат парнична способност, сами да одлучат дали и кои процесни дејствија ќе ги преземат за целисходно и ефикасно остварување на своите права.

Институтот „бесплатна правна помош" во парничната постапка е тесно поврзан со институтот „ослободување од плаќање на трошоците во постапката", кој се уредува со членот 163, во кој се наведува дека странката се ослободува од трошоците на постапката поради тоа што во согласност со својата имотна состојба не е во можност да ги поднесе трошоците без притоа да ѝ наштети на сопствената нужна издршка и на нужната издршка на своето семејство. Во истиот член се дефинирани и трошоците од кои се ослободува странката, а кои се однесуваат на плаќањето на таксите и ослободувањето од полагање аванс за трошоците на сведоците, вештаците, за увид и за судските огласи. Поврзаноста на двата правни института е уредена со членот 165 во кој се утврдува дека обезбедувањето полномошник може да се бара само во случај кога странката е целосно ослободена од плаќање на трошоците со поднесување барање за определување полномошник во случаите кога тоа е нужно заради заштита на правата на странката. Полномошникот го назначува претседателот на судот во кој се води постапката, а странката на која ѝ е назначен полномошник се ослободува од плаќањето на трошоците и од наградата на назначениот полномошник.

26 Службен весник на РМ бр. 79/2005

Обезбедувањето на правото на бесплатна правна помош во парничната постапка, за разлика од кривичната постапка, се заснова на дискреционото право на судот да одлучува за потребата од овозможување на ова право на странката во постапката. Додека во кривичната постапка е доволно да се исполни еден од законски утврдените услови, во парничната постапка е потребно најпрвин да се исполнат условите за ослободување од плаќањето на трошоците од постапката, а потоа да се бара остварување на правото на бесплатна правна помош.

## Закон за општа управна постапка[27]

Пред донесувањето на посебниот Закон за бесплатна правна помош, дејствијата за обезбедување на ваков вид услуги беа регулирани со одредбите на Законот за општа и управна постапка, со кои се предвидуваше органот што ја води постапката да може, во целост или делумно, да ја ослободи странката од поднесување на трошоците, доколку утврди дека таа не може да ги поднесе трошоците без притоа да ѝ наштети на сопствената нужна издршка и на нужната издршка на своето семејство. Органот донесува заклучок за тоа по предлог на странката, а врз основа на уверението за нејзината имотна состојба издадено од надлежен орган. Ваквата можност е предвидена и за странските државјани, но само под услови на заемност.

Законот за општата управна постапка не предвидува посебни одредби со кои ќе се регулира правото на бесплатна правна помош, но како едно од основните начела на општата управна постапка Законот го предвидува и начелото „помош на неука странка“, според кое органот кој ја води постапката е должен да се грижи за тоа да се спречи можноста за настанување на штета што би можела да произлезе од неукоста и незнаењето на странката и другите лица кои учествуваат во постапката. Понатаму, во согласност со ова начело, е утврдено дека органот е должен да се грижи и за информираноста на странките за текот на управната постапка.

Во однос на застапувањето во управната постапка, ЗОУП дава прилично широка рамка во однос на тоа кој може да биде застапник, предвидувајќи само едно ограничување кое е во корелација со кривичното дело надриписарство. ЗОУП, исто така, предвидува можност во однос на надоместокот на трошоците што произлегуваат од правното застапување, но само во случаите кога застапувањето било неопходно и оправдано и кога барањето за надомест е поднесено навреме, за органот кој ја води постапката да одлучи по истото

27 Службен весник на РМ бр.38 од 26.5.2005 година

во решението. Во секој случај, ЗОУП ја предвидува обврската органот задолжително да ѝ укаже на странката какви се последиците во случај на ненавремено поднесување на барањето.

За разлика од претходните процесни закони, ЗОУП го предвидува правниот институт „стручен помагач“. Во членот 60 се предвидува дека органот кој ја води постапката може да ѝ дозволи на странката, за работите за кои се бара стручно познавање на прашањата во врска со предметот на постапката, да ангажира стручно лице кое ќе ѝ дава известување и совети, со посебно објаснување дека ова лице не ја застапува странката во постапката.

## Закон за управните спорови (ЗУС)[28]

Со Законот за управните спорови се гарантира судска заштита на правата и интересите на физичките и правните лица во управните постапки во кои од страна на органите на управата се одлучува за правата и обврските во поединечни управни работи. Судската заштита на правата и интересите ја обезбедува Управниот суд на Република Македонија. Во Законот за управните спорови не постојат одредби со кои посебно се регулира прашањето во однос на правото на бесплатна правна помош, ниту пак се дефинира кои лица можат да бидат застапници, односно полномошници во постапката по управен спор. Сепак, и овој закон – како и Законот за општата управна постапка – има одредби со кои го предвидува правниот институт „стручен помагач“.

## Закон за странците[29]

Во Законот за странците се предвидува можноста за обезбедување бесплатна правна помош кога е покрената постапка за протерување на странец од Република Македонија, и тоа само во случаите утврдени во членот 142. Законот за странци го вметнуваме во групата процесни закони затоа што предвидува посебна управна постапка во однос на протерувањето на странците, во која е во целост обезбедено правото на бесплатна правна помош. Законот за странците предвидува обезбедување правна помош и право на комуникација со претставник на својата држава во Република Македонија, во случаите кога против странец е покрената постапка за протерување од Република Македонија, за одземање на правото на престој или за лишување од слобода. Со обезбедување на правото на правна помош во овој случај, се обезбедува заштита на едно од основните човекови права, а тоа е правото на одбрана во случаите на протерување, односно лишување од слобода.

---

28 Службен весник на РМ бр. 62/2006 и бр. 150/2010

29 Службен весник на РМ бр. 35/2006

## Закон за азил и привремена заштита[30]

Во согласност со овој Закон, во постапката за добивање азил, односно привремена заштита, соодветно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и истата се води пред органите на управата, односно пред Министерството за внатрешни работи. Како и во Законот за странците, и во Законот за азил и привремена заштита законодавецот ја увидел неопходноста од обезбедување правна помош за лицата кои бараат азил, односно привремена заштита во Република Македонија. Во членот 14 став 1 се предвидува дека „барателите на право на азил и привремена заштита имаат право на правна помош и објаснување во врска со условите и постапката за признавање на правото на азил. Барателите на правото на азил и привремена заштита, во сите фази од постапката, можат да контактираат со лицата кои даваат правна помош, со претставниците на Високиот комесаријат за бегалци, како и со невладините хуманитарни организации.“ Оваа одредба е од особено значење, бидејќи со неа за првпат во законодавството се предвидува можноста невладините организации, во овој случај хуманитарни, да даваат правна помош. Овој момент е релевантен затоа што законодавецот го земал предвид капацитетот со кој располагаат претставниците на граѓанското општество во одредени општествени сегменти.

## Закон за ментално здравје[31]

Со овој закон се уредуваат основните начела за заштита, промоција и унапредување на менталното здравје, правата и обврските на лицата со ментална болест, правата и обврските на здравствените установи и здравствените работници и соработници, постапката за заштита на правата на лицата со ментална болест, како и надзорот над спроведувањето на Законот.

Здравствената установа каде што се згрижени лицата е должна да им дава правни совети и правна помош на лицата со ментална болест во однос на остварувањето и заштитата на нивните права. Работата на здравствената установа ја следи Државниот санитарен и здравствен инспекторат, кој има право и должност да нареди здравствената установа да им дава правни совети и правна помош на лицата со ментална болест во однос на остварувањето и заштитата на нивните права. За прекршок во случај кога правното лице нема да им даде правен совет и правна помош на лицата со ментална болест во однос на остварувањето и заштитата на нивните права е предвидена парична казна од 150.000 до 300.000 денари.

30 Службен весник на РМ, бр. 19 од 13.2.2009 година – пречистен текст
31 Службен весник на РМ бр. 71/2006

## Закон за семејство[32]

Со овој закон се уредуваат бракот и семејството, односите во бракот и во семејството, одредени облици на посебна зашита на семејството, семејното насилство, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и во семејните спорови и постапката за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство.

Во согласност со одредбите од овој закон и секогаш кога има сознанија дека постои семејно насилство, Центарот за социјална работа презема низа мерки за заштита, кои вклучуваат и обезбедување на секаков вид правна помош и застапување. Исто така, Законот предвидува обврска за старателот на малолетното лице кое е жртва на трговија со луѓе да обезбеди целосна и навремена правна помош и заштита за детето.

## Закон за извршување на санкции[33]

Со овој закон се уредува извршувањето на санкциите изречени за кривични дела и прекршоци. Законот во своите одреби пропишува забрана за дискриминација врз основа на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичките или други уверувања, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус на лицето спрема кое се извршува санкцијата.

Во согласност со овој закон, казнено-поправната установа е должна да им дава информации и правна помош на осудените лица во однос на користењето на правните средства и преземањето дејствија заради заштита на нивните права. Една од обврските на извршно-управниот и финансискиот сектор е и давањето правна помош на осудените и на малолетните лица.

## Закон за заштита на правата на пациентите34

Со овој закон се уредуваат заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита, должностите на здравствените установи и здравствените работници и соработници, општините и фондот за здравствено осигурување во унапредувањето и заштитата на правата на пациентите, постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот над спроведувањето на законот. Според одредбите од овој закон,

32 Службен весник на РМ од 22.12.2008 година – пречистен текст
33 Службен весник на РМ бр. 2 од 9.1.2006 година
34 Службен весник на РМ бр. 82/2008 година

здравствената установа во рамките на заштитата на правата на пациентите, е должна да им дава правни совети и правна помош на пациентите во однос на остварувањето и заштитата на нивните права. За извршување на оваа законска обврска, здравствената установа во која се сместуваат пациентите назначува советник за заштита на правата на пациентите од редот на вработените во Министерството за здравство. Здравствената установа во која не се сместуваат пациенти е исто така должна да им дава правни совети и правна помош на пациентите во однос на остварувањето и заштитата на нивните права.

### Закон за заштита на сведоците[35]

Со овој закон се уредуваат постапката и условите за давање заштита и помош на сведоците, се дефинираат мерките за заштита и се установуваат Советот за заштита на сведоците и Одделението за заштита на сведоците. Одредбите од овој закон се применуваат и на соработниците на правдата и на жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци, како и на блиските лица на сведоците, соработниците на правдата и жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци. Во рамките на делокругот на работа на Одделението за заштита на сведоците, формирано при МВР, покрај пропишаните мерки за заштита на лицата вклучени во програмата Одделението има обврска да им дава и правна помош на заштитетните лица.

≈

*Во групата закони кои го регулираат прашањето на бесплатната правна помош во рамките на институциите, за разлика од погоренаведените закони кои ова прашање го регулираат во текот на постапката, влегуваат и следниве закони:*

### Законот за организација и работа на органите на државната управа[36]

Со овој закон се уредуваат организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа. Органите на државната управа, како дел од извршната власт, се основаат во областите и подрачјата кои се од значење за вршењето на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и на правните лица. Органите на државната управа своите надлежности утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата за законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност,

35 Службен весник на РМ бр. 38/2005 година
36 Службен весник на РМ бр. 58/2000 година

еднаквост и предвидливост. Тие, во рамките на својата надлежност, се должни да им обезбедат на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставни слободи и права.

Во согласност со одредбите од овој закон, Министерството за правда ги врши работите што се однесуваат на:

- судството, Јавното обвинителство и Јавното правобранителство;
- државната управа;
- кривичната одговорност и одговорноста за прекршоци;
- нотарските работи, адвокатурата и другите видови правна помош;
- наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи;
- меѓународната правна помош;
- извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци;
- организацијата и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи;
- амнестијата и помилувањето;
- судските вештачења, експертизи и супервештачења;
- изборниот систем и водењето евиденција на избирачкото право;
- кривичната, прекршочната, парничната, вонпроцесната, извршната и управната постапка;
- управниот надзор;
- вршењето на работите што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа, и
- други работи утврдени со закон.

## Закон за адвокатурата[37]

Законот за адвокатурата претставува основен правен документ со кој се регулира прашањето за правото на правна помош. Во согласност со овој закон, адвокатурата е носител на правото за обезбедување бесплатна правна помош во со закон определените постапки (судски, управни и други). Во членот 3 од Законот прецизно се дефинира правната помош што ја обезбедува адвокатурата како јавна служба, како „правната помош која се состои во давање правни совети, застапување во водењето преговори и

37 Службен весник на РМ бр 59/2002

вршењето услуги од областа на деловниот протокол, составувањето исправи за правни дела, составувањето поднесоци во судските и другите постапки, застапувањето на странките пред судовите, државните органи и другите правни лица, одбраната на осомничените и обвинети лица и вршењето други работи од областа на правната помош."

Иако Законот за адвокатурата целосно го уредува правниот институт „правна помош", тој не содржи посебни одредби со кои се уредува прашањето за обезбедување и давање бесплатна правна помош.

## Закон за здруженијата и фондациите[38]

Основното начело на овој тип организации е начелото на непрофитабилност, со што се подразбира дека организациите не можат да се основаат заради стекнување добивка. Доколку се оствари добивка во работењето на организациите, таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со статутот на организацијата, односно остварената добивка не може да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, директорите, вработените или кое било друго лице поврзано со нив.

Здруженијата и фондациите опфатени со овој закон се движечка сила во процесот на промените во општеството во насока на подобрување на квалитетот на остварувањето на основните човекови права и слободи.

## Закон за внатрешни работи[39]

Законот за внатрешни работи го уредува прашањето на бесплатна правна помош во случаите кога против овластеното службено лице ќе се поведе или ќе се води кривична, прекршочна или парнична постапка поради употребата на средства за присилба или заради други интервенции во вршењето на работата, како и за учество во сообраќајна незгода со моторно возило при вршењето на работата. Министерството за внатрешни работи, исто така, ќе му обезбеди бесплатна правна помош и на граѓанинот кој му укажал помош на овластеното службено лице при вршењето на службената должност, ако против него е поведена кривична, прекршочна или парнична постапка за дејствие сторено во врска со укажаната помош (членот 36 од Законот). Во овој случај, законодавецот правото на бесплатна правна помош го поврзува со јавниот интерес, односно со вршењето должности и овластувања со цел да се заштити јавниот интерес.

38 Службен весник на РМ бр. 52 од 16.04.2010 година
39 Службен весник на РМ бр.92/09 од 24.7.2009 година

## Закон за служба во Армијата на Република Македонија[40]

Во Законот за служба во Армијата на Република Македонија се предвидени истите гаранции за воените лица како и во Законот за внатрешни работи, во однос на работниците со посебни должности и овластувања. Имено, во членот 20 став 1 се предвидува: „Ако против воениот и цивилниот персонал се води кривична, прекршочна или друга постапка заради употребата на присилба или огнено оружје или заради други интервенции во врска со вршењето на службата, како и заради учество во сообраќајна незгода со моторно возило или незгода причинета со друг вид военотехничко средство при вршењето на службата, по негово барање, Министерството за одбрана му обезбедува бесплатна правна помош во врска со водењето на постапката. Во врска со правната помош може да се спомене и членот 21 од Законот кој предвидува: „На воениот и цивилниот персонал во служба на Армијата и на членовите на нивните потесни семејства, по нивно барање, Армијата им дава правно советување за правната положба во предметите кои се поврзани со вршењето на службата."

## Закон за Агенцијата за разузнавање[41]

Како и претходните два закона, и Законот за Агенцијата за разузнавање содржи идентични одредби во однос на обезбедувањето бесплатна правна помош за вработените во Агенцијата за разузнување во случаите кога, заради вршење должност, против лице вработено во Агенцијата за разузнавање ќе биде покрената кривична или друга постапка поради употреба на огнено оружје или друго средство за присилба, односно кога ќе биде учесник во сообраќајна незгода со службено моторно возило при вршењето на работата (член 17). Во сите овие случаи, Агенцијата за разузнавање обезбедува бесплатна правна помош за својот вработен.

## Закон за заштита на потрошувачите[42]

Целта на Законот за заштита на потрошувачите е да обезбеди заштита на правата на потрошувачите и да ги уреди условите за трговско работење што се од значење за заштитата на правата на потрошувачите. Обезбедувањето на правото на правна помош се остварува преку работата на здруженијата на потрошувачите, кои во согласност со нивните надлежности имаат право

40 Службен весник на РМ бр. бр. 36 од 15.3.2010 година
41 Службен весник на РМ бр. 19/1995
42 Службен весник на РМ бр. 38/2004 и бр. 77/2007

да даваат правна помош во различни форми и облици. Во членот 128, при дефинирањето на надлежностите на здруженијата на потрошувачите, меѓу другото се предвидува дека здруженијата на потрошувачите имаат право:

- да работат во домените на информирање и советување на потрошувачите, преку организирање на советодавни бироа;
- да работат на превенција и едукација на потрошувачите и на подигање на потрошувачката свест и култура;
- да ги разгледуваат жалбите на потрошувачите, непосредно или во соработка со надлежните инспекциски и други органи на државната управа кои имаат надлежности поврзани со заштитата на потрошувачите, и да се консултираат со потрошувачите по прашањата од законодавството за заштита на потрошувачите;
- да посредуваат меѓу потрошувачите и трговците на стоки и давателите на услуги при решавањето на споровите;
- да им помагаат на потрошувачите или на одреден круг потрошувачи при поднесувањето тужби до надлежните судови за заштита на нивните права, и
- да можат да ги застапуваат интересите на потрошувачите во колективните спорови пред надлежните судови.

Покрај овие права, во согласност со членот 129 од Законот, се утврдува дека „здруженијата на потрошувачите ја спроведуваат превентивната заштита на потрошувачите со известување и *совети*, односно со едукација на потрошувачите“.

≈

*Покрај погоре спомenатите закони, чиишто одредби се однесуваат на обезбедувањето бесплатна правна помош, во овој извештај би сакале да се осврнеме и на одредбите од законите што ги нормираат условите и критериумите за стекнување со статус кој е основа за остварување на правото на бесплатна помош, во согласност со Законот за бесплатна правна помош.*

## Закон на социјална заштита[43]

Законот за социјалната заштита ги уредува системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката за остварување на правата од областа на социјалната заштита.

43 Службен весник на РМ бр.79 од 24 јуни 2009 година

Одредбите од овој закон се тесно поврзани со одредбите од Законот за бесплатна правна помош (член 12 и 13) со кои се одредуваат условите под кои едно лице може да се стекне со правото на бесплатна правна помош.

## Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер[44]

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и другите установи и институции утврдени со закон, органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија, правните и физичките лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, утврдени со закон. Информациите од овој вид се од голема важност за утврдувањето на реалните состојби во општеството, врз основа на кои се утврдуваат реалните потреби, во смисла на Законот за бесплатна правна помош, и тоа како од аспект на реално проектирање на бројот на потенцијалните баратели на бесплатна правна помош, така и од аспект на поверодостојно утврдување на потребните финансиски средства за обезбедување на истата.

≈

*Покрај погоре претставените групи закони со кои се обезбедува правото на бесплатна правна помош, постојат и група подзаконски акти кои дословно како и законските акти го регулираат ова право на определени групи граѓани.*

## Статут на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во својот статут го има уредено прашањето за правната помош на осигурениците и корисниците на пензија. Во членот 70 став 17 од Статутот е предвидено дека стручната служба на Фондот обезбедува единствена примена на прописите и им дава *правна помош* на осигурениците и на корисниците на пензија.

## Статут на Сојузот на синдикатите на Македонија

Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) во својот статут јасно ја нагласува својата определба за обединување и застапување на заедничките

44 Службен весник на РМ бр. 13 од 1. 2.2006 година

општествени, економски, социјални и културни интереси на своите членки – здружените синдикати. Во доменот на своето работење, ССМ се обидува да обезбеди гаранции за активно учество на своите членки во соработката со државните институции и со претставниците на работодавачите, преку обезбедување на правото на правна помош. Во согласност со членот 3, став 3 алинеја 6, се утврдува обврската на ССМ да обезбеди правна заштита преку застапување на членовите на синдикатите пред надлежните судски и други институции.

## Кодекс за професионална етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија

И покрај тоа што Законот за адвокатурата не содржи експлицитни одредби за бесплатната правна помош, во Кодексот за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија е уредено во кои случаи социјалната положба на странката може да се земе предвид како основа за намалување на трошоците и наградата на адвокатот.

Во Кодексот се предвидува дека: „доколку се работи за сиромашна странка, која не е во состојба да ја плати наградата на адвокатот во полн износ, тоа не може да влијае на ускратување на можноста да се даде правна помош или јавно овластување, бидејќи тое е традиционална и чесна задача на адвокатската професија.“ Во рамките на гарантирањето на квалитетно и целосно обезбедување правна помош е предвидено и следново: „...Ако е во прашање странка со лоша материјална состојба, адвокатот треба да ја сообрази својата пресметка со платежните можности на истата, односно да ја спушти наградата и под минимално дозволените ставки за работа на адвокатите, а од сосема сиромашните странки да не бара никаков надоместок“. Притоа треба да се има предвид старото етичко начело на адвокатите: „никој, поради неможност за плаќање на наградата на адвокатот, да не остане без адвокатска и квалитетна правна помош.“

# АНЕКС II

## *Институциите на системот и нивната функција во областа на бесплатната правна помош*

И пред донесувањето на Законот за бесплатна правна помош, во Република Македонија постоеја веќе изградени капацитети преку кои се обезбедуваше квалитетна правна помош. Од една страна, бесплатната правна помош ја обезбедуваат државните институции, а во определени ситуации и други организации, врз основа на законски утврдената обврска за обезбедување на ова право, а од другата страна, како обезбедувачи на правото на правна помош, се јавуваат претставниците на граѓанското општество.

Имено, во согласност со изградените капацитети, правото на бесплатната правна помош во Република Македонија се остварува во институциите на системот (институционално) и надвор од институциите на системот (вонинституционално).

### Судовите

Судовите даваат бесплатна правна помош во согласност со процесните закони, пред сѐ кога станува збор за почитување и уживање на минималните права на лицата кои имаат својство на обвинети/странки во постапките, со цел да се обезбеди ефикасен пристап до правдата и покрај слабата социјална и економска положба на лицата. Судовите го олеснуваат и го прават ефикасен пристапот до правдата на два начина кои се меѓусебно поврзани. Првиот начин се однесува на правниот институт *ослободување од плаќање на трошоците на постапката поради неможноста странката/обвинетиот да ги надомести истите*, додека другиот начин е *обезбедување квалитетна и професионална одбрана/застапување во постапките*.

Професионалноста и квалитетот на одбраната/застапувањето го гарантира судот во соработка со Адвокатската комора на Република Македонија, бидејќи бранителите/полномошниците по службена должност се назначуваат од листата којашто Адвокатската комора на Република Македонија ја доставува до судовите. Трошоците што произлегуваат од постапките за кои е одобрена бесплатна правна помош паѓаат на сметка на судскиот буџет.

## Органите на управата

Органите на управата во своето работење во согласност со основните начела на општата управна постапка (укажување помош на неука странка, сервисна ориентираност на органите, начелото на ефикасност и други) се должни да обезбедат помош за учесниците/странките во управните постапки. Имено, бесплатната правна помош што се обезбедува во рамките на секојдневната работа на органите на управата главно се однесува на информирање за правата на странките, давање совети за понатамошно постапување на странките/учесниците, упатување до органите кои се надлежни за решавање на нивните права и интереси, помош при подготвување на поднесоците и др.

Законот за бесплатна правна помош поблиску ги уредува правата и обврските на Министерството за правда и на подрачните одделенија во процесот на давање бесплатна правна помош, т.е. претходна правна помош. Според Законот, претходна правна помош даваат овластени службени лица во подрачните одделенија на Министерството. Дополнително, подрачните одделенија на Министерството за правда можат да даваат претходна правна помош доколку ги исполнуваат условите од Законот, односно доколку имаат најмалку еден правник со положен правосуден испит кој ќе биде надлежен (со решение за овластено службено лице, од Министерството за правда) за давање претходна правна помош.

## Институциите/органите од доменот на безбедноста

Во согласност со надлежностите што ги имаат и природата на нивната работа, државните органи кои работат во доменот на безбедноста даваат бесплатна правна помош за своите вработени во случаи и под услови кои се прецизно регулирани во релевантните закони (Законот за внатрешни работи, Законот за Агенцијата за разузнавање и Законот за служба во Армијата на РМ).

Бесплатната правна помош што ја даваат овие органи се однесува на случаите кога при вршењето на службената должност или работа со посебни овластувања, службеното лице ќе употреби огнено оружје или ќе учествува во сообраќајна незгода. Бесплатната правна помош во овие случаи ги опфаќа сите форми и видови, но во практиката се покажува дека таа најмногу се однесува на застапувањето во судските постапки.

Покрај обезбедувањето на правото на бесплатна правна помош за своите вработени, органите имаат законска обврска да им даваат бесплатна правна помош и на граѓаните кои им помагале на службените лица во вршењето на

должноста/работата со посебни овластувања. Обврската за гарантирање на правото на бесплатна правна помош е заснована на специфичната природа на работата и дејствувањето на овие органи и неопходната потреба од гарантирање на професионалниот интегритет и неопходноста во постапувањето на вработените лица.

### Синдикатите

Синдикалните организации им даваат целосна правна помош на своите членови во постапките што се однесуваат на прашањата од областа на работните односи. За разлика од другите институции кои обезбедуваат бесплатна правна помош, синдикалните организации, односно ССМ, даваат најпрецизна и најсеопфатна дефиниција на бесплатната правна помош што ја обезбедува правната служба во рамките на ССМ, покривајќи ги сите сегменти на бесплатната правна помош. Синдикалните организации го гарантираат правото на бесплатна правна помош на своите членови, пред сѐ поради потребата од обезбедување заштита како на синдикалните претставници, така и на работниците, во постојаната борба за правата и интересите на работниците.

### Адвокатите

Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош. Според Законот за бесплатна правна помош, правната помош може да се реализира единствено од страна на адвокатите. Тие даваат бесплатна правна помош во постапка пред надлежен орган и организација и тоа во форма на:

- застапување во сите степени во судските и управните постапки, и
- составување писмена во судските и управните постапки.

Адвокатот се запишува во Регистарот на адвокатите за давање правна помош. Во случај на одобрување на правна помош, доколку постои можност за тоа, ќе се почитува волјата на корисникот при изборот на адвокатот. Во случаи кога од соодветната адвокатска заедница нема запишано адвокат во Регистарот на адвокатите за давање правна помош, Министерството определува адвокат од друга најблиска адвокатска заедница, на начин предвиден во Законот.

Иако Законот за адвокатурата целосно го уредува правниот институт „правна помош“, сепак тој не содржи посебни одредби со кои се уредува прашањето за обезбедувањето и давањето бесплатна правна помош. Сепак, пред донесување на Законот за бесплатна правна помош, адвокатурата како јавна

служба, а во рамките на вонинституционалното давање бесплатна правна помош, се вброи во редот на даватели на бесплатна правна помош преку клиничката програма на Адвокатската комора на Република Македонија, „Бесплатна правна помош – Правна култура и социјализација“.

Овој обид на Адвокатската комора на Република Македонија беше можност за координирано искористување на капацитетите на локалните здруженија и стручноста и професионалната правна помош што ја нудат адвокатите.

## Здруженијата и фондациите

Во рамките на Законот за бесплатна правна помош, здруженијата на граѓаните кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот можат да даваат бесплатна правна помош во форма на претходна правна помош. Условите пропишани со Законот се предвидени во членот 17, според кој здруженијата на граѓани треба:

- да се запишани во Регистарот на здруженијата во Централниот регистар на Република Македонија;
- да имаат вработено најмалку еден дипломиран правник со положен правосуден испит;
- една од целите во актот за основање и статутот на здружението на граѓаните да биде давање претходна правна помош во областа за којашто се основани, и
- да имаат склучено договор за осигурување на одговорност за можна штета при советување, најмалку на најниската полиса/осигурителна сума.

Здруженијата на граѓаните кои се заинтересирани да даваат претходна правна помош, во согласност со овој закон, поднесуваат барање за добивање овластување до Министерството, кон кое ги приложуваат следниве документи: актот за основање и статутот на здружението; доказ за вработено лице – дипломиран правник со положен правосуден испит; копија од полисата за осигурување и доказ дека се запишани во Централниот регистар на здруженијата на граѓани на Република Македонија. Министерот е должен да одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на неговиот прием, со решение со кое го овластува здружението на граѓаните да дава претходна правна помош и го запишува во Регистарот на здруженијата за претходна правна помош.

Законот за бесплатна правна помош во своите одредби не ги вклучува фондациите, како даватели на бесплатна правна помош, иако според Законот за здруженијата и фондациите и на фондациите им се овозможува истото право на здружување како и на здруженијата на граѓаните.

Освен со Законот за бесплатна правна помош, во македонското законодавство при регулирањето на прашањата поврзани со обезбедувањето бесплатна правна помош, како што претходно напоменавме, може да се сретнат и случаи кога на претставниците на граѓанскиот сектор, т.н. невладини организации, им се утврдува правото да даваат бесплатна правна помош во рамките на посебните закони кои уредуваат различни материи што задираат во остварувањето на човековите права и слободи, кои се тесно поврзани со остварувањето на правото на ефикасна правда.

Пред донесувањето на Законот за бесплатна правна помош, ваквите случаи беа многу ретки (Законот за азил и привремен престој и Законот за заштита на потрошувачите), затоа што во Република Македонија, и покрај сите обиди за воспоставување соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, сè уште постои ставот/сфаќањето дека граѓанскиот сектор нема доволен степен на развиеност и професионалност за да биде доследен партнер на Владата во решавањето на проблемите што се јавуваат како резултат на новите општествени промени и регионалните и меѓународни трендови. Сепак, граѓанскиот сектор во Република Македонија во изминативе 20 години остави посебен белег на општествениот живот. Може да се каже дека не постои речиси ниту една активност во кој било општествен сегмент, која не е будно следена од страна на претставниците на граѓанското општество. Активниот граѓански сектор е резултат на потребата да постои коректив на државата во периодот кога се случуваат брзи промени во секоја пора од општеството. Во процесот на транзиција во кој се наоѓа Република Македонија во последниве 20 години, граѓанскиот сектор се испрофилира како еден од основните двигатели на општествениот живот и како главен контролор на работата на Владата на Република Македонија.

Согледувајќи ја неопходноста и потребата од гарантирање на правото на бесплатна правна помош во определени општествени сегменти и за определени т.н. фокус/целни групи, граѓанскиот сектор активно се вклучи во давањето бесплатна правна помош. Денес во Република Македонија постојат дваесетина здруженија кои активно работат на полето на бесплатната правна помош.

Мал е бројот на здруженијата кои даваат правна помош во сите форми и сегменти од општествениот живот. Ова е резултат на ограниченоста на финансиските средства и ограничувањето на фокусот на сегментите во кои се обезбедува бесплатната правна помош од страна на донаторите. Во 2006 и 2007 година бесплатна правна помош беше давана во неколку сегменти, вклучувајќи ги и: заштитата на жртвите на злоупотреба во полициска постапка, правната помош на лицата без државјанство и бегалците, програмата за поддршка на сексуалните работници, правната помош на лицата кои користат псхихотропни супстанции и на поранешните корисници на психотропни супстанци, правната помош на жртвите на семејното насилство, застапувањето на интересите на потрошувачите, заштитата на правото на слободен пристап до информациите и застапувањето пред Европскиот суд за човековите права.

# АНЕКС III

# ЗАКОН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Службен весник на РМ, бр. 161 од 30.12.2009 година

Глава прва

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат правото на бесплатна правна помош, постапката во која се остварува, корисниците, условите и начинот на неговото остварување, давателите на бесплатна правна помош, органите надлежни за одлучување, заштитата на правото на бесплатна правна помош, финансирањето и надзорот над неговото спроведување, организирање на денови на бесплатен правен совет, бесплатна правна помош во прекугранични спорови, како и надзор над примената на одредбите од овој закон.

### Член 2

(1) Целта на законот е да обезбеди еднаков пристап на граѓаните и другите лица определени со овој закон до институциите на системот, за запознавање, остварување и за овозможување на ефективна правна помош, согласно со начелото за еднаков пристап до правдата.

(2) Постапката за бесплатна правна помош е итна постапка.

### Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Членови на семејство“ се брачен или вонбрачен другар, деца и роднини во права линија до четврти степен или во странична линија до втор степен, а кои живеат во исто домаќинство со подносителот на барањето за бесплатна правна помош и заеднички ги сносат трошоците за живот;
2. „Имот“ на подносителот на барањето за бесплатна правна помош, подразбира целокупен подвижен и недвижен имот, имотни права, износ на готовина во домашна или странска валута, парични средства на сопствена сметка или штедна книшка, подарок, хартии од вредност,

акции, удели во капитал и друг имот на подносителот на барањето или на полнолетни членови на неговото домаќинство во земјата или странство;

3. „Корисник на бесплатна правна помош“ е физичко лице кое ги користи пропишаните облици на правна помош утврдени со овој закон;
4. „Општа правна информација“ е облик на бесплатна правна помош која содржи општи и начелни упатства за правното уредување на одделна област;
5. „Овластено здружение на граѓани“ е здружение кое согласно со одредбите од овој закон ги исполнува условите за давање на претходна правна помош и кое врз основа на решение на министерот за правда (во натамошниот текст: министерот) е овластено за давање на претходна правна помош согласно со овој закон и е запишано во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош и
6. „Правен совет“ е информација за начинот и можностите за решавање на одделно правно прашање.

## Член 4

(1) Бесплатната правна помош, согласно со овој закон, се реализира од Министерството за правда, адвокати и од овластени здруженија на граѓани.

(2) Средствата за одобрување на бесплатната правна помош се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за правда (во натамошниот текст Министерството) како посебна програма предложена од министерот, одобрена од Владата на Република Македонија, како и од донации и други приходи во согласност со закон.

## Член 5

Право на бесплатна правна помош имаат физичките лица (во натамошниот текст: корисници) на начин и под услови утврдени со овој закон.

## Член 6

(1) Бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во сите судски и управни постапки.

(2) Претходната правна помош, опфаќа:

- иницијален правен совет за правото за користење на правната помош;
- општа правна информација и

- правна помош во комплетирањето на барање за бесплатна правна помош.

(3) Претходната правна помош се дава од овластено службено лице во подрачните одделенија на Министерството и од овластени здруженија на граѓани.

(4) Правна помош во постапка пред надлежен орган и организација (во натамошниот текст: правна помош), опфаќа:

- застапување во сите степени во судски и управни постапки и
- составување на писмена во судски и управни постапки.

(5) Правната помош се реализира од адвокати.

## Член 7

Бесплатната правна помош предвидена со овој закон не се однесува на случаите на задолжителна одбрана предвидени во Законот за кривична постапка и Законот за малолетничка правда ниту ослободување од плаќање на трошоците на постапката предвидени во Законот за парничната постапка и Законот за општата управна постапка.

## Член 8

(1) Барањето за правната помош согласно со одредбите на овој закон ќе се одобри во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за барателот на правната помош.

(2) Прашањата во смисла на ставот (1) од овој член се: права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца и малолетници, жртвите на семејното насилство, заштитата на жртвите од казниви дела, заштитата на жртвите од трговија со луѓе и имотно-правните прашања.

## Член 9

Бесплатна правна помош согласно со одредбите од овој закон нема да се одобри во работи кога е очигледно дека тие се неразумни или не постојат правни факти врз основа на кои можат да бидат преземени правни дејствија.

## Член 10

По поднесеното барање за бесплатна правна помош одлучува Министерството.

**Член 11**

Министерството работите од областа на бесплатна правна помош ги врши во соработка со Адвокатската комора, органите на судската власт, органите на државната управа, центарот за социјални работи, здруженијата на граѓани и други органи.

Глава втора

# КОРИСНИЦИ НА БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ

**Член 12**

(1) Право на бесплатна правна помош имаат лицата од ставот (2) на овој член кои, со оглед на својата материјална положба, не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство.

(2) Право на бесплатна правна помош, согласно со овој закон, имаат државјаните на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија, и тоа:
- лица корисници на социјална помош,
- корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности,
- корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него и
- семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

(3) Право на бесплатна правна помош, согласно со овој закон, имаат и:
- лице на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште,
- странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија,

- лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија и
- државјанин на земја членка на Европската унија под услови и на начин утврден со овој закон.

(4) Се смета дека е загрозена издршката на лицето кое бара бесплатна правна помош и издршката на членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство ако приходите по сите основи на тоа лице и членовите на неговото домаќинство не го преминуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош.

(5) Приходите на лицето кое бара бесплатна правна помош можат да бидат проценети индивидуално, ако постојат спротивставени семејни интереси во спор за кој се бара бесплатна правна помош.

(6) За лицата кои се корисници на социјална помош или инвалидски додаток, а не остваруваат други приходи по основ на заработувачка, или се корисници на детски додаток, Министерството прибавува информации од Центарот за социјални работи.

(7) Имотната состојба на лицето барател на бесплатна правна помош се утврдува врз основа на доказ издаден од надлежен орган за имотната состојба која се утврдува врз основа на податоци за приходи по сите основи на тоа лице, како и на членовите на неговото домаќинство со кој живее и изјава за неговата материјално-социјална состојба за период од шест месеца пред доставувањето на барањето.

## Член 13

Под приход на барателот на правна помош, односно на членовите на неговото семејство со кои живее во исто домаќинство се смета целокупниот подвижен и недвижен имот, освен:

- детски додаток,
- инвалидски додаток,
- додаток за туѓа нега,
- стипендии и други примања, заради образование и стручно оспособување;
- средства добиени заради отстранување на последици од елементарна непогода,
- надоместок на штета поради намалена животна активност,
- надоместок на штета за неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода и

- средства одобрени од надлежна институција за лекување во странство.

**Член 14**

(1) Бесплатна правна помош не може да се одобри доколку барателот или член на негово семејство со кој живее во исто домаќинство има имот кој достигнува или надминува пет просечни месечни бруто плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец.

(2) Како имот согласно со ставот (1) на овој член не се сметаат:
- предмети кои согласно со Законот за извршување се изземени од извршувањето и
- моторно возило чија вредност не надминува пет просечни месечни бруто-плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец.

Глава трета

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**Член 15**

Бесплатна правна помош ги опфаќа оние трошоци на постапката што настанале по денот на одобрувањето на барањето за доделување на бесплатна правна помош и дејствија за правна помош кои по денот на одобрување на правната помош сѐ уште не биле извршени.

**Член 16**

Претходна правна помош даваат овластени службени лица во подрачните одделенија на Министерството и овластени здруженија на граѓани запишани во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош.

**Член 17**

(1) Овластени здруженија на граѓани можат да даваат претходна правна помош доколку ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, и тоа:

1) да се запишани во Регистарот на здруженија на граѓани во Централниот регистар на Република Македонија;

2) да имаат вработено најмалку еден дипломиран правник со положен правосуден испит;
3) во актот за основање и статутот на здружението на граѓани една од целите на неговото основање е давање на претходна правна помош во областа за која се основани и
4) да имаат склучено договор за осигурување на одговорност за можна штета при советување најмалку на најниската полиса/осигурителна сума.

(2) Содржината на барањето за добивање на овластување за давање на претходна правна помош го пропишува министерот.

**Член 18**

(1) Подрачните одделенија на Министерството за правда можат да даваат претходна правна помош доколку ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, односно доколку имаат најмалку еден правник со положен правосуден испит кој ќе биде надлежен со решение од Министерството за правда за овластено службено лице за давање на претходна правна помош.

(2) Во случај на предизвикана штета при давање на претходна правна помош, надоместокот на истата паѓа на товар на Буџетот на Република Македонија.

**Член 19**

(1) Овластените здруженија на граѓани за давање на претходна правна помош не смеат да користат каков било облик на реклама за давање на претходна правна помош согласно со одредбите од овој закон. Недозволено рекламирање е основ за одземање на овластувањето за давање на претходна правна помош.

(2) Министерството за правда ги информира граѓаните за правото и начинот на користење на бесплатна правна помош преку средствата за јавно информирање (печатени и електронски).

(3) Министерството на секои три месеца е должно да објавува ажурирана листа на овластени здруженија на граѓани за давање на бесплатна правна помош.

**Член 20**

(1) Барањето за бесплатна правна помош, лицата од членот 12 став (2) на овој закон го поднесуваат до надлежното подрачно одделение на

Министерството, лично или преку пошта, на образец чија содржина ја пропишува министерот.

(2) Кон барањето за бесплатна правна помош барателот доставува и писмена изјава потпишана од него и од членовите на неговото семејство со кој живее во исто домаќинство и заеднички ги сносат трошоците за живот за нивниот вкупен движен и недвижен имот, како и дозвола за увид во сите податоци за нивната имотна состојба.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога барател на бесплатна правна помош е лице жртва на семејно насилство, тогаш изјавата од ставот (2) на овој член ја поднесува лично и не е потребно да биде потпишана од останатите членови на неговото семејство со кој живее во исто домаќинство и по барањето се постапува веднаш.

(4) Кога барател на правна помош е лице од категориите наведени во членот 12 став (3) од овој закон, кон барањето приложува и потврда за својот статус издадена од надлежен орган.

(5) За точноста на податоците наведени во барањето подносителот одговара материјално и кривично.

(6) Во постапка по бесплатна правна помош не се плаќаат административни такси.

**Член 21**

(1) Овластено службено лице од подрачното одделение на Министерството е должно барањето да гоземе во работа веднаш, водејќи сметка за итноста на спорот предвиден во соодветна постапка и најдоцна во рок од 12 дена од денот на доставувањето да го комплетира со потребните документи и да го достави до Министерството.

(2) Надлежниот орган за имотна состојба е должен, врз основа на потпишаната изјава од членот 20 став (2) на овој закон веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да ги достави бараните податоците за имотната состојба на лицето барател на бесплатна правна помош, по доставено барање од страна на Министерството.

**Член 22**

(1) Министерството е должно по барањето за бесплатна правна помош да постапи најдоцна во рок од осум дена од денот на добивањето на предметот од подрачното одделение на Министерството, водејќи сметка за итноста на спорот предвиден во соодветната постапка.

(2) Министерот по барањето за бесплатна правна помош одлучува со решение.

**Член 23**

Против решението со кое се одбива барањето за бесплатна правна помош незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежен суд.

**Член 24**

(1) Во случај на одобрување на правна помош ќе се почитува волјата на корисникот при изборот на адвокат, доколку постои можност за тоа. Во решението од членот 22 став (2) на овој закон Министерството во соработка со корисникот го определува и адвокатот за давање на правна помош.

(2) Во случаи кога од соодветната адвокатска заедница нема запишано адвокат во Регистарот на адвокати за давање на правна помош, тогаш Министерството определува адвокат од друга најблиска адвокатска заедница на начин предвиден во ставот (1) од овој член.

**Член 25**

(1) По одобрување на барањето за доделување на правна помош, корисникот на ова право мора да ги исполнува сите услови за негово добивање во текот на целата постапка за која истата е одобрена се до нејзино правосилно завршување заради што е должен за секоја настаната промена, која би можела да влијае на остварувањето на ова право веднаш ,а најдоцна во рок од осум дена, да го извести Министерството.

(2) Во случај од ставот (1) на овој член, ако корисникот на правото во предвидениот рок не го извести Министерството за настанатата промена која влијае на остварувањето на ова право, Министерството може да одлучи да го запре остварувањето на ова право и во судска постапка да побара надоместок на претрпените трошоци.

**Член 26**

(1 Ако по одобрување на барањето за бесплатна правна помош дојде до промена во имотната состојба на корисникот која доколку постоела во моментот на одлучувањето, би довела до одбивање на барањето, министерот ќе донесе решение за престанок на користење на правото на бесплатна правна помош.

(2) Ако се утврди дека подносителот на барањето за бесплатна правна помош дал неточни податоци со цел да оствари право на бесплатна правна помош, со решение нема да му се одобри користењето на ова право и тој нема право да поднесе ново барање во наредните шест месеца од денот на донесувањето на решението.

(3 Ако во време на користењето на правото на бесплатна правна помош се утврди дека корисникот дал неточни податоци со цел да оствари право на бесплатна правна помош, министерот со решение ќе го запре натамошното остварување на ова право и ќе побара враќање на исплатените средства во рок од осум дена.

(4) Против решението од ставовите (1), (2) и (3) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

Глава четврта

# РЕГИСТРИ ЗА ПРАВНА ПОМОШ И НАДЗОР

**Член 27**

Министерството води Регистар на адвокати за правна помош (во натамошниот текст: Регистарот на адвокати) и Регистар на здруженија на граѓани за претходна правна помош.

**Член 28**

(1) Регистрите од членот 27 на овој закон се водат во писмена и електронска форма и се објавуваат на веб страницата на Министерството.

(2) Министерството доставува до Адвокатската комора на Република Македонија препис од Регистарот на адвокати.

**Член 29**

(1) Барањето за запишување во Регистарот на адвокати, адвокатот го пополнува на образец и го доставува до Министерството.

(2) Министерството може во однос на барањето од ставот (1) на овој член да побара проверка на податоците од Адвокатската комора.

(3) Министерот донесува решение за запишувањето на адвокатот во Регистарот од ставот (1) на овој член во рок од осум дена од денот на поднесување на барањето.

(4) Формата и содржината на образецот од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот.

## Член 30

(1) Здруженијата на граѓани кои се заинтересирани да даваат претходна правна помош, согласно со овој закон, поднесуваат 4н1073 барање за добивање на овластување до Министерството кон кое приложуваат документи согласно со членот 17 од овој закон, и тоа: актот за основање и статутот на здружението, доказ за вработено лице – дипломиран правник со положен правосуден испит, копија од полисата за осигурување и доказ дека се запишани во Централниот регистар на Република Македонија на здруженијата на граѓани.

(2) Министерот е должен по барањето во рок од 30 дена од денот на неговиот прием да одлучи со решение со кое го овластува здружението на граѓани да дава претходна правна помош и го запишува во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош.

(3) Против решението на министерот со кое се одбива барањето за упис во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

## Член 31

(1) Министерот нема да запише адвокат во Регистарот на адвокати или запишаниот адвокат ќе го избрише од Регистарот на адвокати, во согласност со статутарните одредби на Адвокатската комора.

(2) Бришењето од Регистарот на адвокати се спроведува со решение на министерот.

(3) Против решението со кое се одбива барањето за запишување на адвокат во Регистарот на адвокати, односно за негово бришење од Регистарот на адвокати, адвокатот има право да поведе управен спор пред надлежен суд.

(4) Бришењето од Регистарот на адвокати се објавува на веб страницата на Министерството и се доставува до Адвокатската комора.

## Член 32

(1) Министерот со решение ќе го избрише од Регистарот здружението на граѓани овластено за давање на претходна правна помош во случаите кога:

- при вршење на редовен надзор над предметот утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа,
- доколку здружението на граѓани повеќе не ги исполнува условите наведени во членот 17 од овој закон и
- утврди недозволено рекламирање.

(2) Против решението на министерот може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(3) Бришењето од Регистарот на здруженија на граѓани овластено да дава претходна правна помош се објавува на веб страницата на Министерството.

### Член 33

Надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон го врши Министерството за правда.

### Член 34

(1) Министерството врши надзор над работата на адвокатот и овластеното здружението на граѓани во давањето на бесплатната правна помош.

(2) Министерството во вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член има право да бара мислење од надлежниот орган пред кој се води постапката, како и информации и други податоци од лицето на кое му е одобрено користењето на правната помош.

### Член 35

(1) Министерството за работата од областа на бесплатната правна помош поднесува годишен извештај до Владата на Република Македонија.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата на Министерството.

(3) Во извештајот особено се содржани податоци за:
- бројот на доставените барања за бесплатна правна помош,
- бројот на донесени решенија за одобрена правна помош,
- бројот на одбиени барања за бесплатна правна помош,
- видот на работата за кој е одобрена правна помош,
- обемот на средствата исплатени за одобрената правна помош,
- обемот на вратените средства од наплатени трошоци во постапка за извршување,
- статистичките показатели и
- одржаните денови на бесплатен правен совет.

(4) Годишниот извештај Владата на Република Македонија во рок од 30 дена по усвојувањето го доставува до Собранието на Република Македонија.

Глава петта

# НАГРАДА ЗА ДАДЕНА ПРАВНА ПОМОШ

### Член 36

(1) Наградата на адвокатот за дадена правна помош се пресметува согласно со трошковникот на адвокатот за обемот на извршената работа по секој предмет одделно, доставен до Министерството, а согласно со Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на адвокатите намалена за 30%.

(2) Адвокатот трошковникот го поднесува на пропишан образец.

(3) Со решение Министерството нема да му исплати надоместок за конкретниот случај на адвокатот ако при вршење на редовен надзор утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење на доверената работа.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член адвокатот може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(5 Содржината на образецот од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот.

### Член 37

(1) Надоместокот за трошоците на овластеното здружение на граѓани за дадена претходна правна помош се пресметува согласно со трошковникот за обемот на извршената работа по секој предмет одделно за кој е донесено решение за одобрена правна помош, доставен до Министерството, а согласно со Тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженија на граѓани за вршење на работи на претходна правна помош.

(2) Здружението трошковникот го поднесува на пропишан образец.

(3) Со решение Министерството нема да му исплати надоместок за конкретниот случај на здружението ако при вршење на редовен надзор утврди несовесно, нестручно и непрофесионално вршење во работата.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(5) Тарифата од ставот (1) на овој член ја донесува министерот.

(6) Содржината на образецот од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот.

**Член 38**

(1) Доверител, односно должник за наплата на трошоците во постапката за извршување согласно со Законот за извршување е Република Македонија, односно Министерството.

(2) Барањето за извршување го поднесува Министерството.

## Глава шеста
# ДЕНОВИ НА БЕСПЛАТЕН ПРАВЕН СОВЕТ

**Член 39**

(1) Министерството во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комората на извршители и Комората на медијатори квартално организира одржување на денови на бесплатен правен совет за сите граѓани за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата, нотаријатот и извршувањето.

(2) Министерството донесува тримесечен план за редоследот и времето на одржување на деновите на бесплатен правен совет, кој јавно го објавува во дневниот печат.

## Глава седма
# ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПРЕКУГРАНИЧНИ СПОРОВИ

**Член 40**

(1) Прекуграничен спор, во смисла на овој закон, е спор во кој странката која е подносител на барањето за бесплатна правна помош е со живеалиште

или постојано престојувалиште во земја членка на Европската унија во која се наоѓа судот или каде што се спроведува одлуката.

(2) Правна помош во прекугранични спорови се одобрува во парнична постапка во сите фази и степени, како и во постапка за медијација.

(3) Бесплатна правна помош не се одобрува во управни, даночни и царински работи.

(4) Постоење на прекуграничен спор се утврдува согласно со времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош.

**Член 41**

(1) На подносителот на барањето за бесплатна правна помош во прекугранични спорови ќе му се одобри барањето доколку ги исполнува критериумите од овој закон во висина на износ предвиден како за државјанин на Република Македонија, на начин и по постапки утврдени со овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член бесплатна правна помош може да биде одобрена и тогаш кога барателот не ги исполнува критериумите предвидени со овој закон, доколку докаже дека не е во состојба да ги плати трошоците на постапката заради разлика во трошоците на живот меѓу државата членка во којашто има живеалиште или постојано престојувалиште и трошоците за живот во Република Македонија.

(3) Бесплатна правна помош не мора да биде доделена на подносителот на барањето доколку тој во конкретниот случај има ефективен пристап до други механизми на правна помош кои ги покриваат трошоците на постапката предвидени со членот 43 од овој закон.

(4) Во постапка за одобрување на правна помош во прекугранични спорови не се плаќаат административни такси.

**Член 42**

(1) Странка која има живеалиште или постојано престојувалиште во држава членка на Европската унија, а бара бесплатна правна помош во прекуграничен спор пред суд во Република Македонија, остварува право на правна помош согласно со овој закон. За утврдување на живеалиште или престојувалиште е меродавно правото на државата во која странката има живеалиште или постојано престојувалиште.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член или надлежниот орган на државата членка во која подносителот на барањето има живеалиште или

постојано престојувалиште, барањата за бесплатна правна помош во Република Македонија ги доставуваат до Министерството.

(3) Обрасците и сите приложени документи мора да бидат доставени во превод на македонски јазик, во спротивно барањето за бесплатна правна помош ќе биде отфрлено.

(4) Министерството со решение ќе го одбие барањето ако утврди дека не се работи за прекуграничен спор, во смисла на овој закон, или ако барањето го поднела странка која нема право на правна помош во прекугранични спорови.

(5) Против решението со кое се отфрла или одбива барањето за бесплатна правна помош може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

## Член 43

Бесплатната правна помош која се доделува во земјата членка на Европската унија во која заседава судот ќе ги покрие следниве трошоци поврзани со прекуграничнот карактер на спорот:

1) толкување;

2) превод на документи кои ги бара судот или надлежниот орган и кои ги користи примателот како неопходни за решавање на случајот и

3) патните трошоци за барателот кога физичкото присуство на лицата задолжени за претставување на случајот на подносителот е неопходно во судот, согласно со закон или според судот на таа земја членка кога судот одлучил дека лицата не можат да бидат задоволително сослушани на ниту еден друг начин.

## Член 44

(1) Лице кое има живеалиште или постојано престојувалиште во Република Македонија, а кое се јавува како барател на бесплатна правна помош во прекугранични спорови пред суд на друга држава членка на Европската унија, своето барање го доставува до надлежното подрачно одделение на Министерството кое е должно барањето да го достави до Министерството најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(2) Министерството, барањето заедно со придружната документација, ќе ги преведе на службениот јазик или на еден од службените јазици на државите членки на Европската унија и ќе го достави до надлежниот орган за прием на писмена на државата членка на Европската унија во која судот постапува или во која се бара извршување на судската одлука

во рок од 15 дена од приемот на барањето. Ако барањето за бесплатна правна помош не биде одобрено подносителот на барањето е должен да ги надомести трошоците на преведување.

(3) Министерството ќе го одбие барањето со решение ако утврди дека не се работи за прекуграничен спор, во смисла на овој закон, или ако барањето го поднела странка која нема право на бесплатна правна помош во прекугранични спорови.

(4) Против решението со кое се отфрла или одбива барањето за бесплатна правна помош може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член барањето за бесплатна правна помош лицето може непосредно да го достави на органот што е надлежен за прием на барањата во државата членка на Европската унија во која постапува судот кој треба да ја изврши судската одлука.

## Член 45

Земјата членка на Европската унија во која подносителот на барањето за бесплатна правна помош има живеалиште или постојано престојувалиште ќе обезбеди правна помош неопходна за покривање на:

1) трошоците за помош од адвокат или друго лице овластено со закон да дава правна помош, што настанале во таа земја членка додека не е одобрено барањето за бесплатна правна помош во земјата членка каде што заседава судот и

2) превод на барањето и на неопходните документи кога барањето е поднесено до органите во таа земја членка.

## Член 46

(1) Барањето за бесплатна правна помош и за испраќање на барање за бесплатна правна помош од членот 42 на овој закон се поднесуваат на пропишани обрасци.

(2) Формата и содржината на обрасците од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот.

Глава осма

# ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 47**

Подзаконските акти предвидени со овој закон министерот ќе ги донесе во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, а подзаконскиот акт од членот 46 на овој закон ќе го донесе во рок од една година.

**Член 48**

Одредбата од членот 40 став (1) на овој закон не се однесува на Кралството Данска.

**Член 49**

(1) Одредбите од членот 18 на овој закон ќе започнат со примена од 1 јануари 2012 година.

(2) Одредбите од членовите 40 до 46 на овој закон ќе започнат со примена по пристапување на Република Македонија во Европската унија.

**Член 50**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува во рок од шестмесеца од денот на неговото влегување во сила.

# АНЕКС IV

***Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за правна помош[45]***

20100651168

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 29 став (4) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ ЗА ПРАВНА ПОМОШ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за правна помош.

**Член 2**

Барањето за запишување во регистарот на адвокати се поднесува на Образец со формат А4 на бела хартија кој содржи: податоци за подносителот на барањето (име и презиме на адвокатот, адреса на живеење и телефонски број, седиште на канцеларијата и општина), број и датум на потврдата дека е запишан во регистарот на Адвокатската комора на Република Македонија, датум и место, место за адвокатски штембил и потпис на подносителот на барањето.

45 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.05.2010 година

## Член 3

Образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за правна помош е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-1931/1
7 мај 2010 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски**, с.р

## АНЕКС V

***Правилник за содржината на барањето за добивање на овластување за давање на претходна правна помош***[46]

20100651167

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 17 став (2) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија” бр. 161/09), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува содржината на барањето за добивање на овластување за давање на претходна правна помош.

**Член 2**

Барањето за добивање на овластување за давање на претходна правна помош се поднесува на Образец кој содржи: податоци за подносителот на барањето (име на здружението, адреса, број и седиште), број и датум на решението под кое здружението е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија, податоци за лицето овластено за застапување на здружението (име и презиме), податоци за лицето вработено во здружението кое ќе ја дава претходната правна помош, (име и презиме, број и датум на потврдата за положен правосуден испит, адреса на живеење) целта на основање и дејствување на здружението согласно статутот, број на договорот

46 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.05.2010 година

за осигурување на одговорност за можна штета при советување, датум и место, место за печат и потпис на овластеното лице за застапување.

**Член 3**

Образецот на барањето за добивање на овластување за давање на претходна правна помош е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.01-1930/1
7 мај 2010 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски,** с.р.

# АНЕКС VI

***Правилник за содржината на образецот на барањето за бесплатна правна помош[47]***

20100651165

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/09), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува содржината на образецот на барањето за бесплатна правна помош.

**Член 2**

Образецот на барањето за бесплатна правна помош ги содржи следните податоци:

**А.** Податоци за подносителот на барањето и за законскиот застапник или старател

А.1. Податоци за подносителот на барањето: име и презиме на подносителот на барањето, средно име, датум и место на раѓање, ЕМБГ, поштенски број, општина, држава, државјанство, вид на документ за идентификација (лична карта или патна исправа), број на документ за идентификација, место и орган кој ја издал, место на живеење, адреса на живеење, поштенски број општина, држава и контакт телефон.

47 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.05.2010 година

А.2. Податоци за законскиот застапник или старател: име и презиме на законскиот застапник или старателот, средно име, датум и место на раѓање, ЕМБГ, поштенски број, општина, држава, државјанство, вид на документ за идентификација (лична карта или патна исправа), број на документ за идентификација, место и орган кој ја издал, број на акт со кој е поставен за законски застапник/старател, орган кој го донел актот, место на живеење, адреса на живеење, поштенски број, општина, држава и контакт телефон.

**Б.** Вид на бесплатна правната помош која се бара

Б.1. Претходна правна помош.

Б.2. Правна помош во судски и управни постапки

2.1. Застапување во судска постапка.

2.2. Застапување во управна постапка

2.3. Составување на писмена во судска или управна постапка.

**В.** Податоци за правната работа за која се бара претходна правна помош

В.1. Орган надлежен за одлучување за правната работа, за која се бара претходна правна помош

1.1. Министерство за правда-Подрачно одделение

1.2. Здружение

В.2. Правна работа за која се бара претходна правна помош

2.1. Иницијален правен совет за правото на користење на правната помош

2.2. Општа правна информација

2.3. Правна помош во комплетирање на барањето за бесплатна правна помош

**Г.** Податоци за правната работа за која се бара правна помош

Г.1. Орган надлежен за одлучување за правната работа, за која се бара правна помош (доколку му е познат на подносителот на барањето).

Г.2. Правна работа за која се бара правна помош

2.1. Застапување во постапка пред орган на државна управа

2.1.1. Во прв степен

2.1.2. Во втор степен

2.1.3. Во целата постапка

2.1.4. Составување на писмена

2.1.5. По вонредни правни лекови

2.1.6. Описно се наведува целта на водењето на постапката

2.2. Застапување во постапка пред надлежен суд

2.2.1. Во прв степен.

2.2.2. Во втор степен.

2.2.3. Во целата постапка.

2.2.4. Составување на писмена

2.2.5. По вонредни правни лекови.

2.2.6. Во управен спор

2.2.7. Описно се наведува целта на водењето на судската постапка.

2.2.8. Правна помош на жртва на казниви дела

2.2.9. Правна помош на жртва на семејно насилство

**Д.** Податоци за статусот на подносителот на барањето:

Д.1. Корисник на социјална помош.

Д.2. Корисник на право на инвалидски додаток, кој не остварува друг приход по основ на заработувачка или приходи од недвижнини

Д.3. Корисник на најниска пензија кој живее во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него

Д.4. Семејство или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток

Д.5. Лице на кое му е признаено право на азил

Д.6. Внатрешно раселено лице

Д.7. Раселено или прогонето лице кое на територија на Република Македонија има престојувалиште

Д.8. Странски државјанин, кој остварува право пред надлежен државен орган на Република Македонија

Д.9. Лице без државјанство кое законски престојува во Република Македонија

Д.10. Државјанин на земја членка на Европска унија

____________________

Датум и место

________________________________________

Потпис на подносителот на барањето

**Член 3**

Образецот на барањето за бесплатна правна помош е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник .

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1928/1
7 мај 2010 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски,** с.р.

# АНЕКС VII

***Правилник за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат*[48]**

20100651164

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД АДВОКАТ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат.

**Член 2**

Трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат се поднесува на Образец кој содржи: име и презиме на адвокатот( седиште, општина), број и датум на решение со кое е запишан во регистарот на адвокати за давање на правна помош, број и датум на решението со кое е определен да дава правна помош, име и презиме на подносителот на барањето за добивање на правна помош, датум на отпочнување и завршување на правната работа, вид на дадена правна помош(застапување во судска постапка, застапување во управна постапка, составување на писмена во судски и управни постапки), преземени дејствија, износ за извршената работа согласно адвокатската

48 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.05.2010 година

тарифа, износ намален за 30%, датум и место, место за печат и потпис на адвокатот.

### Член 3

Образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

### Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-1927/1
7 мај 2010 година
Скопје

Министер за правда
**Михајло Маневски,** с.р.

# АНЕКС VIII

***Правилник за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија[49]***

20100651163

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 37 став (6) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија” бр. 161/09), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД ОВЛАСТЕНИ ЗДРУЖЕНИЈА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија.

### Член 2

Трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија се поднесува на Образец кој содржи: име на здружението (адреса,број и седиште), број и датум на решение со кое е запишано во регистарот на овластени здруженија за давање на претходна правна помош,име и презиме на лицето вработено во здружението кое работело на правната работа, име и презиме на подносителот на барањето за добивање на претходна правна помош, датум на прием на барањето и датум на завршување на правната работа, вид на дадена претходна правна помош (општа правна информација, иницијален правен совет за правото на користење на правна помош или правна помош во комплетирање на барањето за бесплатна правна помош),

49 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.05.2010 година

краток опис на извршената правна работа, датум и место, место за печат и потпис на овластеното лице за застапување.

### Член 3

Образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

### Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-1926/1
7 мај 2010 година,
Скопје

Министер за правда
**Михајло Маневски**, с.р.

# АНЕКС IX

***Тарифа за надоместок на трошоците за работа на здруженијата за вршење на работи на претходна правна помош[50]***

20100651166

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 37 став (5) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија” бр. 161/09), министерот за правда донесе

## ТАРИФА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

**Член 1**

Со оваа тарифа се определува надоместок на трошоците за работа на здруженијата за вршење на работи на претходна правна помош.

**Член 2**

Надоместокот на трошоците за работа на здруженијата за вршење на работи на претходна правна помош се определува со бодови и тоа:

- за општа правна информација – 10 бода;
- за иницијален правен совет за правото за користење на правна помош – 15 бода; и
- за правна помош во комплетирање на барањето за бесплатна правна помош – 30 бода.

Вредноста на бодот изнесува 20 денари.

50 Службен весник на РМ, бр. 65 од 12.05.2010 година

Пресметувањето на надоместокот се врши во денари, а плаќањето е на жиро-сметката на здружението.

### Член 3

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1929/1
7 мај 2010 година
Скопје

Министер за правда
**Михајло Маневски**, с.р.

# АНЕКС X

## *Прашалник за следење на квалитетот на бесплатната правна помош што се дава во Република Македонија (наменет за корисниците на бесплатна правна помош[51])*

| |
|---|
| Име и презиме на анкетарот ______________________________ |
| 1. ______________________________ |
| 2. ______________________________ |

**К1** Град (место на живеење) ______________________

**К2** Пол на корисникот

1) машки

2) женски

51 Прашалникот го пополнува анкетарот според она што го одговорил испитаникот, давајќи му ги неопходните објаснувања на прашањата за кои имало таква потреба; Прашањата кои се обележани со знак (*) се одговараат опционо доколку е применливо.

**К3** Возраст на корисникот

1) од 18 до 20 години

2) од 21 до 24 години

3) од 25 до 29 години

4) од 30 до 39 години

5) од 40 до 49 години

6) од 50 до 59 години

повеќе години

8) непознато

**К4** Брачна состојба

1) немажен/а

2) во брак

3) разведен/а

4) вдовец

5) не знам/одбива

**К5** Членови во домаќинството вклучувајќи го и корисникот

1) 1 лице

2) 2 лица

3) 3 лица

4) 4 лица

5) 5 лица и повеќе

6) не знам/одбива

**К6** Дали корисникот има деца?

1) да

2) не

**К7** Колку деца има корисникот?

1) едно дете

2) две деца

3) три деца

4) четири и повеќе деца

**К8** Школска подготовка на корисникот

1) без школска подготовка и од 1 до 3 одделение

2) од 4 до 7 одделение основно училиште

3) завршено основно училиште

4) средно училиште

5) виша школа

6) акултети и уметнички академии

7) повисоко образование (магистериуми, докторати итн.)

8) непознато

**К9** Етничка припадност на корисникот

1) Македонец

2) Албанец

3) Ром

4) Србин

5) Влав

6) Бошњак

7) друго (наведете што)________________

**К10** Работен статус на корисникот

1) вработен со полно работно време

2) вработен со половина работно време

3) невработен

4) не знам/одбива

**К11** Вкупен месечен приход на неговото домаќинство

1) до 6.000 денари

2) 6.001-12.000 денари

3) 12.001-15.000 денари

4) повеќе ____________

**К12** Вкупен приход на корисникот

1) до 6.000 денари

2) 6.001-12.000 денари

3) 12.001-15.000 денари

***К13*** Како дознавте за можноста своето право, да го остварите односно заштитата, користејќи бесплатна правна помош?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

____________________________________

**К14** Дали правната помош сте ја остварувале како претходна правна помош или како правна помош во управна или судска постапка?

1) претходна правна помош

2) правна помош во постапка

**К15** Дали претходната правна помош сте ја остварувале преку соодветно здружение или преку подрачно одделение на Министерството за правда?

1) Здружение

2) ПО на МП

______________________________________________

______________________________________________

_______________________

**К16** Објаснете пред кој орган/суд и во кој град, односно место се одвивале дејствијата за остварување на бесплатната правна помош. ______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**К17** Објаснете кое право односно кое прашање од ваш интерес сте го остварувале преку определената правна помош?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**К18** Дали по поднесеното барање за правна помош Ви беше доставено решение за одлуката на Министерството за правда во пропишаниот рок? (најдоцна 20 дена по доставувањето на барањето)

1) да

2) не

**К19** Дали при тоа Ви беше побарано да платите административна такса?

1) да

2) не

***К20** Дали за одбиеното барање во решението бевте поучен за правото за поведување управен спор пред надлежниот суд?

1) да

2) не

**К21** Дали преку деновите на бесплатен правен совет сте оствариле или дали тие Ви помогнале при остварувањето на правото на бесплатна правна помош или некое друго свое право?

1) да

2) не

Објаснете______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

***К22** Дали при определувањето на адвокатот дали беше почитувана Вашата волја за изборот на адвокат?

1) да

2) не

Објаснете______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**К23** Дали Ви беше побарано мислење, односно информација или други податоци за работата на непосредниот давател на правната помош (адвокатот или здружението, односно подрачното одделение на Министерството за правда)?

1) да

2) не

Објаснете_______________________________________________

_______________________________________________________

_______________________________________________________

_______________________________________________________

**К24** Дали сметате дека бевте дискриминирани при постапувањето на органот кој постапувал во постапката за која е одобрена правната помош во однос на други лица поради својата имотна положба, односно социјално потекло, или која било друга основа?

1) да

2) не

Објаснете_______________________________________________

_______________________________________________________

_______________________________________________________

_______________________________________________________

***К25** Дали сметате дека бевте дискриминиран од страна на својот адвокат при давањето правна помош во однос на другите странки?

1) да

2) не

Објаснете_______________________________________________
_______________________________________________________
_______________________________________________________
_______________________________________________________

*Претходна правна помош*

***К26** Доколку правната помош сте ја остварувале како претходна правна помош дали Ви помогна кон остварување на вашето право?

1) да

2) не

Објаснете_______________________________________________
_______________________________________________________
_______________________________________________________
_______________________________________________________

***К27** Дали Ви причинила штета?

1) да

2) не

*Правна помош од адвокат*

***К28** Доколку правната помош сте ја реализирале преку адвокат, дали од негова страна бевте редовно информирани за текот и за динамиката на постапката и дејствијата што ги преземал тој?

1) да

2) не

***К29** Дали сметате дека адвокатот совесно, стручно и професионално ја вршеше својата работа?

1) да

2) не

Објаснете____________________________________________

____________________________________________________

____________________________________________________

____________________________________________________

____________________

Датум и место

____________________

____________________

Потпис на анкетарот

# АНЕКС XI

## *Прашалник за следење на квалитетот на бесплатната правна помош што се дава во Република Македонија (наменет за судии[52])*

| |
|---|
| Име и презиме на анкетарот ______ |
| 1. ______ |
| 2. ______ |

**C1** **Град, односно место каде што се преземале дејствијата преку кои се реализирала правната помош и пред кој суд:** ______

______

**C2** Кое право, односно правен однос кој бил предмет на постапката за која е одобрена бесплатната правна помош во која постапувавте?

Објаснете______

______

______

______

52 Судијата пополнува прашалник одделно за секој случај во кој постапувал.

**С3** Дали адвокатот во застапувањето и вршењето на другите процесни дејствија при реализацијата на бесплатната правна помош постапуваше совесно, стручно и професионално?

1) да

2) не

Доколку не, објаснете зошто! ___________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

**С4** Дали дејствијата од кои се состоеше реализацијата на правната помош од страна на адвокатот беа преземени уредно и навремено (составување и поднесување на писмената, застапување во судот, редовно учество на закажаните расправи во судот)?

1) да

2) не

Доколку не, објаснете! ___________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

**С5** Дали при реализацијата на правната помош од страна на адвокатот можевте да забележите каков било дискриминирачки однос кон странката, односно кон корисникот на бесплатната правна помош, во однос на другите странки?

1) да

2) не

Доколку да, објаснете! ________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

**С6** Дали сметате дека корисникот на бесплатната правна помош при остварувањето на своето право бил дискриминиран од страна на други лица, органи и институции кои постапувале во случајот?

1) да

2) не

Доколку да, објаснете! ________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

**C7** Дали од Министерството за правда, заради вршење надзор над работата на адвокатот *(член 34 од Законот за бесплатна правна помош)* Ви беше побарано да дадете мислење за работата и однесувањето на адвокатот во постапката?

Доколку да, објаснете! ______________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

____________________

Датум и место

____________________

____________________

Потпис на анкетарите

# АНЕКС XII

## *Прашалник за следење на квалитетот на бесплатната правна помош што се дава во Република Македонија (наменет за адвокатите кои даваат бесплатна правна помош, во согласност со Законот за бесплатна правна помош[53])*

| |
|---|
| Име и презиме на анкетарот ________________________________ |
| 1. ________________________________ |
| 2. ________________________________ |

**А1** Град, односно место каде што се презеле дејствијата преку кои се реализирала правната помош ____________________

**А2** Пред кој орган/суд се одвиваа дејствијата преку кои ја реализиравте правната помош?

Наведете!________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

53 Прашалникот го пополнува адвокатот; доколку адвокатот учествувал во повеќе постапки како давател на правна помош, за секоја се пополнува нов прашалник

**А3** Кое право, односно кој правен однос, беше предмет на постапката за која е одобрена бесплатна правна помош?

Објаснете!______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**А4** Дали правната помош се состоеше во застапување или во составување на писмена во управната/судската постапка?

Објаснете!______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**А5** Дали при Вашето определување од страна на Министерството за правда имате сознанија дека корисникот на бесплатната правна помош изразил волја да го реализира своето право токму преку вас?

1) да

2) не

**А6** Доколку да, дали Министерството за правда воспостави соодветна и навремена соработка со Вас, со цел да се почитува волјата на корисникот *(член 24 став 1 од Законот за бесплатна правна помош)*

Објаснете!______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**А7** Дали при Вашето запишување во Регистарот на адвокатите решението за запишување беше донесено од страна на министерот за правда во пропишаниот законски рок од 8 дена?

1) да

2) не

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
___________________________________

**А8** Дали надоместокот на трошоците и наградата за дадената правна помош утврдени со трошковникот Ви беа исплатени уредно и навремено?

1) да

2) не

Доколку не, објаснете! __________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**А9** Дали сметате дека при давањето правна помош во овој предмет, Вашата работа ја вршевте совесно и професионално?

1) да

2) не

Доколку не, објаснете! __________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**A10** Дали при реализацијата на правната помош во предметот за кој беше одобрена Вашата работа од страна на Министерството за правда беше интервенирано на каков било начин што може да се смета како притисок или насочување на Вашата работа?

1) да

2) не

Доколку да, објаснете! ______________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

**A11** Дали имате сознанија за побарано мислење од органот пред кој се води постапката или информации и податоци од корисникот на правото на бесплатна правна помош при вршењето надзор над Вашата работа од страна на Министерството за правда? *(член 34 од Законот за бесплатна правна помош)*

1) да

2) не

Доколку да, објаснете! ______________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

**A12** Дали сметате дека корисникот на кој му давате правна помош, како странка во постапката во која му давате правна помош, бил дискриминиран поради својата имотна положба, социјално потекло или по друга основа во однос на други странки, во исти или слични околности?

1) да

2) не

Доколку да, објаснете! ________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

____________

Датум и место

____________

____________

Потпис на анкетарот

# АНЕКС XIII

**До г. Трајко Велјаноски,**
претседател на Собранието
на Република Македонија

Скопје, 23.11.2009 година

**Предмет:** Поднесување амандмани на Предлог-законот за бесплатна правна помош

Почитуван Г-дин Велјаноски,

Македонското здружение на младите правници е координатор на групата од 21 здружение на граѓани кои даваат бесплатна правна помош во Република Македонија. Во 2007 година оваа група здруженија беше поканета да се вклучи во следењето на подготовката на Законот за бесплатна правна помош, преку учество на тркалезните маси кои ги организираше Министерството за правда на кои се дискутираше за Нацрт-законот за бесплатна правна помош. Идејата за донесување на овој закон беше многу позитивно оценета и поддржана од страна на сите фактори од граѓанскиот сектор. По одржаните три тркалезни маси во Скопје, Штип и во Битола, граѓанските организации воопшто не беа вклучени во понатамошните активности при подготовката на Законот.

Во периодот од декември 2007 година до јули 2009 година, кога бевме повикани да учествуваме на седницата на Националниот совет за евроинтеграции, по разгледувањето на Предлог-законот за бесплатна правна помош воопшто не ни беше дозволен пристап до Нацрт-законот за бесплатна правна помош и бевме попречени да ги дадеме наши коментари и сугестии за подобрување на текстот на истиот. Во согласност со ваквата ситуација, до Собранието на Република Македонија беше доставен Предлог-закон за бесплатна правна помош, во кој координацијата на здруженијата на граѓани кои даваат бесплатна правна помош увиде низа недостатоци, во форма на отсуство на приниципи и јасно дефинирани поими како критериуми за определени прашања. Во таа насока, би сакале да Ве информираме дека доколку текстот на Предлог-законот за бесплатна правна помош не биде

подобрен, истиот ќе биде во голем дел неприменлив во практиката, по што ќе треба повторно да се пристапи кон измени и дополнувања на истиот, со што наместо да ја исполни својата примарна цел – обезбедување еднаков пристап до правдата на секој човек и граѓанин, овој закон ќе биде пречка за остварување на пристапот до правдата.

Во согласност со искуствата на здруженијата на граѓани во повеќегодишното работење во областа на бесплатната правна помош, а со цел квалитативно да го подобриме текстот на постоечкиот Предлог-закон за бесплатна правна помош, Ви ги доставуваме нашите сугестии, коменари и решенија во форма на амандмани.

Со почит,
Жарко Хаџи-Зафиров
Македонско здружение на млади правници

Здруженија на граѓани кои се дел од координацијата на здруженијата на граѓани кои даваат бесплатна правна помош:

1. **Македонско здружение на младите правници** – Скопје,
2. **ИЗБОР**-Струмица,
3. **Центар за граѓанска иницијатива** - Прилеп,
4. **Центар за демократски развој** - Тетово,
5. **Healthy Options Project Skopje (Х.О.П.С),**
6. **Доверба** - Скопје,
7. **Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ (ЕСЕ),**
8. **Форум за правата на Ромите АРКА** - Куманово,
9. **Едукативно-хуманитарна организација (ЕХО)** - Штип,
10. **Македонскиот хелсиншки комитет (МХК),**
11. **Здружението за заштита на правата на Ромите** - Штип,
12. **Коалицијата Сите за правично судење,**
13. **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“** - Гостивар,
14. **Организација на потрошувачите на Македонија,**

15. **Форум на албанската жена ФАЖ** - Тетово,
16. **Полио плус** - Скопје
17. **Граѓанска асоцијација** - Битола,
18. **Детска амбасада „Меѓаши“**
19. **Истражувачки центар за граѓанско општество,**
20. **Македонски центар за женски права – Шелтер центар**
1. **Младински клуб** – Штип.

# ПРЕДЛОГ-АМАНДАМАНИ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

## Член 1

Во членот 3 став 1 точка 1, зборот „четврти“ се менува со зборот „трети“.
Во членот 3 став 1 точката 2 се брише во делот на „износ на готовина во домашна или странска валута“.
Во членот 3 став1 по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи: „Минимален станбен простор“ е стан или куќа со големина од 35м² корисна површина за едно лице, зголемена за 10м² за секое дополнително лице, со можност за отстапка од 10м².“

Во членот 3 став 1, точката 5 се менува и по зборот „граѓани“ се додава „и фондации“.

Точките 3, 4, 5 и 6 стануваат 4, 5, 6 и 7.

## Член 2

Во членот 4 ставот 1 се менува и гласи: „Министерството за правда, овластените здруженија на граѓани и фондации и адвокатите даваат бесплатна правна помош во согласност со овој закон.“

## Член 3

Во членот 6 став 1, во точка 1 се додаваат три нови потточки кои гласат:

- правна помош во составувањето писмена пред органите на државната управа и другите државни органи, институции и други правни лица со јавни овластувања;
- поднесување барање за заштита на слободите и правата на граѓаните пред Уставниот суд;
- поднесување апликации пред Европскиот суд за човековите права.

Во истиот член во точката 2 по зборот „граѓани" се додава зборот „фондации". Точката 4 од истиот член се менува и гласи: „Адвокатите даваат правна помош"

**Член 4**

Во членот 8 став 2, по зборот „жртви" се додаваат зборовите „и оштетени, како и за лице кое е обвинето во кривична постапка за кривично дело за кое не е предвидена задолжителна одбрана".

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

(1) Во случај на семејно насилство, лицето кое бара бесплатна правна помош при поднесувањето на барањето за истата не е должно да ги исполнува условите утврдени во членот 12 став 2 и членот 14 од овој Закон.

**Член 5**

Во членот 9 се бришат зборовите „тие не се разумни".

**Член 6**

Во членот 11 по зборот „граѓани" се додава „и фондации".

**Член 7**

Во членот 12 став 2 се менува и гласи:

(2) Право на бесплатна правна помош, во согласност со овој закон, имаат државјаните на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија, и тоа:

- лицата кои ги исполнуваат условите за користење на социјална помош;
- лицата кои ги исполнуваат условите за користење на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основа на заработувачка или приходи од недвижности,

- лицата кои ги исполнуваат условите за користење на правото на најниска пензија, кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од нив,
- семејствата или самохраните родители со едно или повеќе малолетни деца кои ги исполнуваат условите за користење на правото на детски додаток.

Во членот 12 став 3 се менува и гласи:

(3) Право на бесплатна правна помош, во согласност со овој закон, имаат и:

- признаениот бегалец, лице под супсидијарна заштита, лице на кое му е одобрен азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое има престојувалиште на територијата на Република Македонија;
- државјаните на другите републики од поранешната СФРЈ и државјаните на поранешната СФРЈ кои на 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште, до поднесување на барањето постојано живеат на територијата на Република Македонија и имаат вистинска и ефективна врска со Република Македонија и можат да стекнат државјанство на Република Македонија, во согласност со Законот за државјанство;
- странските државјани кои во согласност со меѓународните договори, без оглед на тоа дали има престојувалиште или живеалиште на територијата на Република Македонија, остваруваат негово право, за кое е надлежен државен орган на Република Македонија;
- лица без државјанство кои законски престојуваат во Република Македонија, и
- државјани на земја-членка на Европската унија, под услови и на начин утврден со овој закон."

Во членот 12 став 3 зборовите „од 50%" се бришат, а се додава зборот „една" пред зборовите „просечна плата".

## Член 8

Во членот 14 став 1 по зборовите „исто домаќинство" се додаваат зборовите „покрај минималниот станбен простор", а зборот „нето" се заменува со зборот „бруто".

## Член 9

Во членот 16 по зборовите „граѓани“ се додаваат зборовите „и фондации“.

## Член 10

Во членот 17, во ставот 1 и во точката 1 по зборот „граѓани“ се додаваат зборовите „и фондации“.
Во ставот 1 точка 2 од истиот член, зборот „вработено“ се заменува со зборот „ангажирано“, а на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат зборовите „или дипломиран правник со најмалку три години работно искуство на правни работи, преку склучување договор за обезбедување правни услуги.“
Во ставот 1, точка 3 од иститот член се бришат зборовите „Актотот за основање“ а по зборот „граѓани“се додава „или фондации“.

## Член 11

По членот 17 се додава нов член 17-а кој гласи:
„Член 17-а

(1) Подрачните одделенија на Министерството за правда можат да даваат претходна правна помош доколку ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, односно доколку имаат најмалку еден правник со положен правосуден испит, кој со решение од страна на министерот за правда ќе биде назначен за овластено службено лице за давање претходна правна помош;

(2) Во случај на предизвикана штета при давање претходна правна помош, надоместокот за истата паѓа на товар на буџетот на Република Македонија.“

## Член 12

Во членот 18 се брише став 1 и бројот 2 пред став 2.

## Член 13

Во членот 19, став 4 по зборовите „жртва на трговија со луѓе“ се додаваат зборовите „признаен бегалец, лице под супсидијарна заштита, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое има престојувалиште на територијата на Република Македонија, како и државјаните на другите републики од поранешната СФРЈ и државјаните на поранешната СФРЈ кои на 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште, до поднесувањето на барањето постојано живеат на територијата на Република Македонија и имаат вистинска и ефективна врска со Република Македонија и можат да

стекнат државјанство на Република Македонија, во согласност со Законот за државјанство.“

## Член 14

Во членот 20 став 1 бројот „15“ се заменува со бројот „8“.
По ставот 1 на членот 20 се додава нов став 2 кој гласи:

(2) „Во случаи на семејно насилство, одлука за обезбедување бесплатна правна помош донесува подрачното одделение на Министерството за правда, во рок од 24 часа од поднесувањето на барањето.“

Ставот 2 станува став 3.

## Член 15

Во членот 21 став 1 бројот „15“ се заменува со бројот „3“.

## Член 16

Членот 23 се менува и гласи:

„Во случај на одобрување на правна помош, корисникот добива решение со кое се потврдува дека истиот ги исполнува условите за добивање бесплатна правна помош, кое му дава право на користење на бесплатна правна помош. Корисникот самостојно одлучува за изборот на пружателот на бесплатна правна помош. Доколку корисникот при изборот на пружателот на бесплатната правна помош излезе од рамката на одобрени финансиски средства за бесплатана правна помош, дополнителните трошоци паѓаат на негов товар.“

## Член 17

Во членот 26 по зборот „граѓани“ се додаваат зборовите „и фондации“.

## Член 18

Член 18

Во членот 29 став 1 по зборот „граѓани“ се додава „и фондации“, а во понатамошниот текст на истиот став зборот „актот за основање“ се брише, а зборот „вработено“ се заменува со зборот „ангажирано“.

## Член 19

Во членот 30 став 1 се брише точката 1.

### Член 20

Во членот 31 во ставот 1 и во точката 1 и 2, како и во ставот 3, по зборот „граѓани“ се додава „и фондации“.
Во истиот член, во ставот 1 се брише точката 3.

### Член 21

Во членот 36 во ставот 1 по зборот „граѓани“ се додаваат зборовите „и фондации“. Во ставовите 2 и 3 од истиот член по зборот „Здружението“ се додаваат зборовите „или фондацијата“.
Во ставот 5 од истиот член се брише точката и по зборот „министерот“ се додаваат зборовите „во консултација со овластените здруженија на граѓани и фондации, во согласност со членот 11 од овој закон.“

# Образложение

Здруженијата на граѓаните кои даваат бесплатна правна помош, со цел да го подобрат текстот на Предлог-законот за бесплатна правна помош, за иститот да има поефикасна и поефективна примена, дадоа свои коментари, сугестии и решенија за определени прашања што ги регулира Предлог-законот за бесплатна правна помош.

Во однос на дефинирањето на поимот „членови на семејството“, премногу широко е утврден кругот на семејството, бидејќи во согласност со предвидениот „четврти“ степен во овој круг влегуваат и прадедо, прабаба и правнуци, што ќе претставува проблем при примената на Законот во практиката, особено ако се има предвид дека приходите и имотот на лицето кое поднесува барање за бесплатна правна помош се оценуваат на колективна основа, односно се зема предвид целиот имот и целокупните приходи на семејната заедница во којашто лицето живее.

Во делот на дефинирањето на имотот на лицата-баратели на бесплатна правна помош, се наведува дека како имот на истите ќе се смета и „износот на готовина во домашна или во странска валута“, без притоа да се наведат постапката и критериумите во согласност со кои ќе се утврди износот на готовината, што остава простор за арбитрарност во процесот на одлучувањето за тоа дали барателот ги исполнува условите за стекнување на правото на бесплатна правна помош.

Во насока на дефинирање на „имотот на барателот, односно на членовите на неговото семејство“, не се предвидува можноста лицата да поседуваат имот, односно недвижност во која живеат. Ова прашање е од посебно значење за примената на овој закон, затоа што треба да се земе предвид и традицијата на луѓето во Македонија за стекнување недвижен имот во облик на стан, куќа, земјоделско земјиште, итн.

Во однос на дефинирањето на тоа кој може да дава бесплатна правна помош, треба да се земе предвид дека во согласност со позитивното законодавство во Република Македонија, правото на здружување е посебно регулирано во Законот за здруженијата на граѓаните и фондациите, така што доколку се земе предвид дека здруженијата на граѓаните, како форма на здружување, се предвидени како овластени даватели на бесплатна правна помош, се поставува прашањето зошто на фондациите не им се овозможува истото право, кога станува збор за форма на здружување. На пример, словенечкиот закон за бесплатна правна помош дава поширока дефиниција во однос на ова прашање, па во членот 31 став 10 предвидува: „Првиот правен совет од членот 25 од овој закон и бесплатното советување според членот 26 од овој закон можат да го вршат и лица кои, без намера да стекнат профит, вршат дејност на бесплатна правна помош со согласност од министерот надлежен за правосудството и се впишани во регистарот што го води министерството надлежно за правосудството.“

При дефинирањето на видовите и начинот на кој ќе се дава бесплатната правна помош, како и при одредувањето на давателите на бесплатната правна помош, треба да се земе предвид со какви капацитети и форми на бесплатна правна помош располага Република Македонија. Во согласност со Извештајот за капацитетите и формите на бесплатната правна помош во Република Македонија, изготвен од страна на Македонското здружение на младите правници во почетоткот на 2008 година, а во соработка со Правно-информативниот центар од Република Словенија, е утврдено дека граѓанскиот сектор има најактивна улога во обезбедувањето на бесплатната правна помош преку двете најзастапени форми на бесплатна правна помош – во давањето правен совет и правна помош при составувањето на писмената, како и во поднесувањето апликации до Европскиот суд за човековите права, како и барања за заштита на основните слободи и права пред Уставниот суд на Република Македонија.

При утврдувањето на правата за кои овој закон одобрува бесплатна правна помош е испуштено истата да се предвиди и за лицата кои се оштетени со извршување на кривично дело, како и за лицата кои се обвинети во кривична постапка за кривично дело за кое не е предвидена задолжителна одбрана, бидејќи доколку овие лица (без оглед на тоа што се обвинети во кривична постапка) не можат да си обезбедат професионална одбрана, односно адвокат, без притоа да се доведе во прашање нивната егзистенција, со тоа директно би се попречил еднаквиот пристап до правдата.

Во однос на делот од амандманот што се однесува на случаите на семејно насилство, можат да се јават случаи кога, и покрај тоа што жртвата на семејното насилство поседува имот и приходи со кои би можела да ги покрие сите трошоци за правна помош, поради тоа што не ѝ е дозволен пристап до иситите (доколку е со сила отстранета од својот дом или доколку воопшто не ѝ е дозволен пристап до нејзиниот дом). Природата на проблематиката поврзана со семејното насилство е мошне специфична, па затоа предлагаме за жртвите на семејното насилство да не се применуваат одредбите што ги утврдуваат условите кои треба да ги исполнуваат лицата за да се стекнат со правото на користење на бесплатна правна помош.

Во Законот не е утврдено што точно се подразбира под „очигледно неразумни работи“ и на кој начин и според кои критериуми Министерството за правда ќе утврди дали определено барање за бесплатна правна помош се однесува на работа која е неразумна, што остава широко поле за дискреција, но и за арбитрарност во процесот на одлучувањето.

Во членот 12 се утврдени категориите лица кои би можеле да бидат корисници на бесплатна правна помош, при што како основа за утврдување на правото на бесплатна правна помош се зема веќе стекнатиот статус на овие групи лица. Притоа не се земени предвид ситуациите во кои на лицата кои немаат стекнато ниту еден од горенаведените статуси, а ги исполнуваат условите за стекнување на истите, но притоа им е потребна бесплатна правна помош за да го стекнат определениот статус, директно им се оневозможува пристапот до правда затоа што истите не го стекнале бараниот статус. Оттука, може да се соочиме со ситуации во кои на лицата на кои им е потребна бесплатна правна помош и кои ги исполнуваат условите за стекнување со правото на бесплатна правна помош истата да не им биде достапна поради немање на определен статус. Во иститот член постои потреба од попрецизно утврдување на другите категории лица, во согласност со позитивните закони во Република Македонија (Законот за азил и привремен престој и Законот за државјанство).

Во согласност со основните принципи и политиката на овој закон, која е во насока на незагрозување на минималните животни стандарди и овозможување еднаков пристап до правдата, минималниот станбен простор треба да се изземе од имотот кој ќе биде предмет на утврдување и проценка од страна на надлежните органи во постапката за остварување на правото на бесплатна правна помош. Во членот 14, во делот на дозволениот имот, во согласност со бројот на просечните плати, треба да се утврди претходна методологија и усогласеност во самиот законски текст, бидејќи основа по

бруто-просечните плати е дозволена во случај на поседување на возило, но не и за другиот дозволен имот, кој се пресметува во просечни нето-плати. Доколку не се направи интервенција во овој член, Законот ќе биде неприменлив од самиот старт и ќе се применува само во случаи на голема беда, но нема да одговори на реалните потреби заради кои всушност се донесува.

Во членот 17 во кој се предвидени условите што треба да ги исполнат здруженијата на граѓаните за да се стекнат со статус на овластени здруженија на граѓани кои даваат бесплатна правна помош е предвидено здружението на граѓаните да има вработено правник со положен правосуден испит, што во реалноста би можело да предизвика финансиски импликации во работењето на здруженијата на граѓаните, од аспект на финансиското обременување на истите, имајќи предвид дека станува збор за правни лица од непрофитен карактер, како и во однос на обезбедувањето правници со положен правосуден испит. Доколку се следи постоечката практика во работењето на здруженијата на граѓаните и нивните обиди за обезбедување финансиска самоодржливост, најпрактичен чекор во насока на ангажирање на лицата кои би давале претходна правна помош е предложеното решение во амандманот, каде што е наведено наместо лицето да биде вработено, истото да биде ангажирано врз основа на договор за обезбедување правни услуги. Исто така, доколку се земе предвид постоечката практика во однос на стручноста на лицата кои ќе даваат претходна правна помош, ќе треба да се земе предвид дека како гаранција за професионално обезбедување на бесплатна правна помош, повеќегодишното исуство е еднакво, а во некои случаи и позначајно од положениот правосуден испит.

Во однос на актот за основање, односно на една од утврдените цели во акттот за основање и во статутот, треба да се има предвид дека актот за основање на здружението на граѓани е документ во кој се изразува волјата на една група лица да основаат здружение на граѓани, а статутот е акт со кој се регулираат целите, односите, структурата и работата на здружението на граѓани, јасно е дека определбата на здружението на граѓани за давање бесплатна правна помош треба да биде утврдена во статутот. Ова пред сè произлегува од тоа што статутот на едно здружение на граѓани е предмет на менување, со цел да се следат трендовите во областите во кои дејствува здружението на граѓаните.

Законот за бесплатна правна помош предвидува кои услови треба да ги исполнат субјектите кои ќе даваат бесплатна правна помош, здруженијата на граѓаните и адвокатите, ноиститот не предвидува кои услови ќе треба да ги исполнат подрачните канцеларии на Министерството за правда. Условите што

ги пропишува овој закон се гаранција дека давателите на бесплатна правна помош ќе дадат квалитетна и професионална бесплатна правна помош. Но овие услови не се однесуваат и на подрачните канцеларии на Министерството за правда.

Одредбите во кои се забранува рекламирањето на здруженијата на граѓаните како даватели на претходна бесплатна правна помош треба да се избришат, бидејќи при примената ќе предизвикаат низа негативни последици, како за здруженијата на граѓаните, така и за Министерството за правда како институтција која е носител на овој закон. Здруженијата на граѓаните не потпаѓаат под рекламирање, бидејќи рекламирањето се однесува пред сѐ на пазарните субјекти и има комерцијален карактер, за разлика од промовирањето на здруженијата на граѓаните чијашто основна цел е обезбедувањето помош на граѓаните без притоа да се оствари профит. За давањето бесплатна правна помош, овластените здруженија на граѓани ќе добијат средства од страна на Министерството за правда, во однос на покривањето на трошоците кои ги направиле во текот на дејствијата што ги презеле при давањето на претходната правна помош.

Доколку се земе предвид дека постапката за бесплатна правна помош е итна постапка, во согласност со членот 2 став 2 од овој закон, и ургентноста на потребата од бесплатна правна помош, како и трендот на воспоставување електронска и телефонска комуникација помеѓу органите на државната управа, во тој случај предвидените 15 дена се премногу долг период за комплетирање на документите од страна на подрачните канцеларии на Министерството за правда, што во определена ситуација би можело да претставува пречка за остварување на правото на бесплатна правна помош. Како и во претходниот став, доколку се земе предвид итноста на постапката за бесплатна правна помош и фактот дека до Министерството за правда пристига целиот предмет, придружен со сите потребни податоци и документи и со нацрт- решение, предвидениот рок од 15 дена за разгледување на истите и за носење одлука по предметот е премногу долг период.

Во случаите на семејното насилство се предлага одлуката за бесплатна правна помош да ја донесе подрачната канцеларија на Министерството за правда, во рок од 24 часа од поднесувањето на барањето, имајќи ја предвид специфичноста на проблематиката поврзана со семејното насилство.

Во делот на одлуката за тоа кај кој од наведените даватели на правна помош ќе се обратат корисниците на бесплатна правна помош, со амандманот што

се предлага се оди кон целосно почитување на волјата на корисниците на бесплатната правна помош, со што се потенцира и одговорноста на истите во однос на користењето на ова право. Сличен систем е воспоставен во Република Хрватска, каде што наместо решение на корисникот му се доставува т.н. „упатница“ со која истиот може да се обрати до кој било адвокат или здружение на граѓани.

Дисциплинската одговорност на адвокатите, како основа за одбивање на барањето да се запишат во Регистарот на адвокатите кои даваат бесплатна правна помош, е директно ограничување на адвокатите во нивната желба да даваат бесплатна правна помош, бидејќи во Одлуката 190/2002-0-0 на Уставниот суд на Република Македонија од 04.30.2003 година стои: „*Имено, правните последици од осудата не можат да настапуваат автоматски, по сила на законот, туку само со правосилна судска одлука. Казнено-правниот однос се исцрпува на релацијата казниво дело и судски изречена казна за неговиот сторител, а натамошните последици од неговото извршување, односно од осудата за тоа дело, кои се состојат во ограничување на правата на граѓаните, не се допуштени, освен ако тоа не е изречно утврдено со Уставот.*“

Во делот на утврдувањето на трошоците на овластените здруженија на граѓани кои даваат претходна правна помош, министерот за правда е должен да ја донесе тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженијата на граѓаните за вршење работи на претходна правна помош. Доколку се залага за градење партнерски однос со здруженијата на граѓаните, посебно потенциран во членот 11, Министерството за правда ќе треба да ги разменува практичните искуства, со цел да се воспоставуви ефикасен и ефективен систем за бесплатна правна помош во Република Македонија, преку претходни консултации со овластените здруженија на граѓаните.

# Користени извори


- Универзална декларација за човековите права
- Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права
- Основни принципи за улогата на адвокатите
- Конвенција за меѓународниот пристап до правдата
- Резолуција (76) 5 за правна помош во граѓанските, трговските и управно-правните предмети
- Резолуција (78) 8 за правна помош и правен совет, и Анексот на Резолуцијата (78) 8
- Европска спогодба за пренесување на барањата за правна помош
- Дополнителен протокол на Европската спогодба за пренесување на барањата за правна помош
- Препорака П (2005) 12
- Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи
- Препорака П (93) 1
- Директива на Советот на ЕУ 2002/8/ЕЗ
- Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија 2010
- Извештај на УНДП за квалитетот на социјалните услуги од април 2010 („Граѓански засновани анализи“)
- Устав на Република Македонија
- Закон за бесплатна правна помош
- Закон за Агенцијата за разузнавање
- Закон за адвокатурата
- Закон за азил и привремена заштита
- Закон за буџетите
- Закон за внатрешни работи
- Закон за заштита на потрошувачите
- Закон за здруженијата и фондациите
- Закон за исплата на платите

- Закон за кривична постапка
- Закон за општа управна постапка
- Закон за парнична постапка
- Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер
- Закон за служба во Армијата на Република Македонија
- Закон за странците
- Закон за управните спорови
- Закон за социјална заштита
- Закон за заштита на сведоците
- Закон за заштита на правата на пациентите
- Закон за извршување санкции
- Закон за семејство
- Закон за ментално здравје
- Закон за судовите
- Закон за организација и работа на органите на државната управа
- Статут на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија
- Статут на Сојузот на синдикатите на Македонија (2006)
- Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија
- Стратегија на Владата на РМ за реформа на правосудниот систем - 2004
- Извештај за формите и капацитетите на бесплатната правна помош во Република Македонија“, Македонско здружение на младите правници, февруари 2008
- Нацрт-стратегија за понатамошно спроведување на реформата на правосудниот систем, 2009
- ЕУ-проценка на стратегијата за реформи во правосудството, 2004
- Иницијална проценка на влијанието на Регулативата
- www.pravda.gov.mk
- www.sep.gov.mk
- www.mtsp.gov.mk
- www.myla.org.mk
- www.undp.org.mk
- www.pravo.org.mk
- www.stat.gov.mk
- www.finance.gov.mk
- www.ihr.org.mk